**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 септември 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Али Ахмети, Назми Бекири, Љупчо Георгиевски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 76 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав заради распишување на задолжителен законодавен референдум на предлог на 180.454 избирачи.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за локалните избори.

Предлогот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста на предлогот овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за правда.

Повелете господине Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Благодарам претседателе.

Самиот факт дека одржувањето на локалните избори, согласно сегашниот закон се поклопува со иницијативата за распишување на законодавен референдум, тоа е потребата и итноста поради која Владата предлага на оваа седница по итна постапка да се разгледаат измените и дополнувањата на Законот за локални избори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 76 пратеници, 75 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 72 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Распишување на задолжителен законодавен референдум на предлог на 180454 избирачи;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 79 пратеници, 79 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на првата точка од дневниот ред - Распишување задолжителен законодавен референдум на предлог на 180454 избирачи**

180454 избирачи поднесоа предлог за распишување на задолжителен законодавен референдум.

Согласно член 73 став 3 од Уставот на Република Македонија Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150 000 избирачи.

Согласно членовите 2 и 15 од Законот за референдум и граѓанска иницијатива Собранието распишува законодавен референдум.

Одлуката Ви доставена.

Отворам претрес по текстот на одлуката.

Пратениците Силвана Бонева, Михајло Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Спиро Мавровски, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Паљошковски, Ристо Пејовски, Ванчо Стаменков, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Слободан Чашуле, Драго Шајноски, Стојан Андов, Слободан Даневски, Љупчо Мешков и Ристана Лалчевска, поднесоа амандман на член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратениците Силвана Бонева, Михајло Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Спиро Мавровски, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Паљошковски, Ристо Пејовски, Ванчо Стаменков, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Слободан Чашуле, Драго Шајноски, Стојан Андов, Слободан Даневски, Љупчо Мешков и Ристана Лалчевска.

Ве молам, дали некој бара збор?

За збор се јави господинот Коце Трајановски.

Би сакал само една информација.

Во одлуката за референдум единствено нешто по текстот каде може да се дискутира е датата, бидејќи таа може и да се смени. Сите други елементи од текстот не се подложни на расправа.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, почитуван министре, пожитувани колеги и колешки пратеници,

Денес на дневен ред е Одлуката за распишување на референдум.

На иницијатива на Светскиот Македонски Конгрес, 150 000 граѓани на Република Македонија предложија да се одржи референдум за законите кои ја третираат територијалната организација во Република Македонија.

Собранието, согласно Уставот и законите кои ја третираат оваа земја, треба да распише референдум и врз основа на тоа претседателот на Собранието даде Предлог одлука за распишување на референдум.

Во одлуката се предлага датата на одржување на референдумот да биде 7 ноември 2004 година.

ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија, заедно овие две опозициони партии предложија амандман со кој предлагаме денот на одржувањето на референдумот да биде 21 ноември 2004 година.

Зошто ја предлагаме оваа дата? Ја предлагаме од многу причини.

1. Со одложувањето на локалните избори, поради тоа што територијалната организација на Република Македонија и Законот за градот Скопје се пролонгираат во нивното донесување во Собранието на Република Македонија, значи се промени Законот за локални избори со кој локалните избори претходно беа пролонгирани за 21 ноември 2004 година.

2. Поради тоа што Светскиот Македонски Конгрес, како иницијатор на собирањето на овие 150 000 потписи на граѓаните на Република Македонија за одржувањето на референдум, исто така предложија денот на одржувањето на референдумот да биде 21 ноември 2004 година.

Наведувајќи ги овие две причини сметам дека притоа е земен предвид и верскио празник на граѓаните на Република Македонија со исламска вероисповест кој трае некаде до 19 односно 20 ноември 2004 година. Со тоа сметаме дека ќе им се наруши нивниот мир и затоа овие избори не би требало да бидат одржани во овој термин, додека траат овие верски празници. Сигурно и при донесувањето на одлука за локалните избори, нивното пролонгирање да биде на 21 ноември и при предлогот на Светскиот Македонски Конгрес земено е тоа предвид. Поради тоа го предлагаме нашиот амандман.

Сметаме дека ќе има разбирање од пратениците од позицијата, да го прифатат овој амандман, така што референдумот во врска со локалните избори да се одржи на 21 ноември 2004 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Замир Дика имате збор.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници,

Во врска со овој многу значаен акт, датата на одржување на референдумот, ДПА констатира дека во Македонија имаме постојани кризи, бидејќи се инпонира еден меѓупартиски договор, со цел да се замени Охридскиот договор.

На овој начин се суспендира Охридскиот договор како таков, што ние постојано го спомнуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам зборувајте за датата на одржување на референдумот.

ЗАМИР ДИКА:

Во врска со датата на одржување на референдумот ние велиме дека се суспендира Охридскиот договор, за што ние постојано сме зборувале. Оваа криза произлегува од подготвеноста на институциите на системот за да се имплементира Охридскиот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам зборувајте за датата на одржување на референдумот.

ЗАМИР ДИКА:

Значи државните институции немаат капацитет да се зафатат со сите оние работи што се од значење за државата.

Господине претседателе дали сте свесни дека овој Парламент го претварате во еден комунистички Парламент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам исклучете го пратеникот.

Господине Рафис Алити имате збор.

Ве молам зборувајте само во врска со датата. Инаку друго не прифаќам.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам господине претседателе,

Парламентарната група и ние кои сме овде претставници на ДУИ го почитуваме собирањето на питписите кои се собрани од страна на организаторите и токму поради тоа учествуваме на оваа седница.

Што се однесува до датата на одржување на референдумот, нашиот став е дека референдумот треба да се одржи, што повеќе во интерес токму на тоа што се кажа од претходниот дискутант, значи да се забрза имплементацијата на Охридскиот рамковен договор итн. Не е добро да се манипулира со верските празници на Рамазан, затоа што припадниците на исламската вероисповест во текот на рамазанските празници ги вршат секојдневните работи, така што денот на одржување на референдумот што се предлага, да биде на 7 ноември, за нас е

прифатлив датум, затоа што тоа не е некој ден на празник кој се совпаѓа со Бајрамските празници.

Ние уште еднаш се изјаснуваме во име на парламентарната група дека ќе ја подржиме датата на одржување на референдумот, што значи на 7 ноември.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 90 пратеници, 29 гласале за амандманот, нема воздржан и 61 пратеник гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Бидејќи нема повеќе амандмани, а единствено по што може да се расправа е текстот на датата, јас тука го заклужувам претресот.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија распиша референдум.

На референдумот граѓаните ќе се изјаснат за прашањето:

“Дали сте за територијалната организација на локалната самоуправа (општините и градот Скопје) утврдена со Законот за територијалната поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија број 49/1996”) и Законот за градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија број 49/1996”)”.

Референдумот ќе се спроведе на начин и постапка утврдена со Законот за референдум и граѓанска иницијатива.

Референдумот ќе се одржи на 7 ноември 2004 година.

Референдумот ќе го спроведат Државната изборна комисија, изборните комисии на изборните единици и избирачките одбори.

Сега почитувани пратеници ќе дадам пауза до 14,00 часот да можат пратениците да приготват амандмани по законот кој е како втора точка на дневен ред, а јас да ја потпишам одлуката.

(Пауза до 14,00 часот).

(По паузата седницата продолжи во 14,00 часот).

Преминуваме на втората точка од дневниот ред:

**Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување и дополнување на Законот за локалните избори, со Предлог на закон.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Согласно точка 1 од амандманот 16 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов поднесе амандмани за додавање на член 1-а по членот 1 и на член 2 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Марија Којзеклиска и и Ѓорѓи Трендафилов поднесоа амандман за додавање нов член 1-а по членот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Сашко Кедев, Илија Китановски, Ефтим Манев, Спиро Мавровски, Ванчо Стаменков, Ѓорѓе Паљошкоски, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Стојан Андов, Слободан Даневски, Љупчо Мешков и Ристана Лалчевска поднесоа амандмани за бришење на член 1, за менување на воведната реченица на член 2, на член 2 став 1 и на член 2 за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1, поднесен од пратениците Сашко Кедев, Илија Китановски, Ефтим Манев, Спиро Мавровски, Ванчо Стаменков, Ѓорѓе Паљошкоски, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Стојан Андов, Слободан Даневски, Љупчо Мешков и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Пред тоа, процедурално, има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, мислам дека требаше прво да водиме општа расправа, па потоа да биде расправата по амандманите, со оглед на тоа што овој закон не е во две фази туку во една фаза и второ, исто така, по овој закон требаше да заседава и Законодавно-правната комисија и политичкото тело на Собранието кое ја третира оваа област и со тоа да има корегиран и поиздржан текст, зборувам конечен текст.

Со тоа сакам да укажам до вас како претседател на Собранието, меѓутоа, дали тоа ќе го прифатите, останува на вас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Коце Трајановски.

Ние се раководиме од членот 177 став 1 каде што пишува: “Ако Собранието го усвои Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, Предлогот на законот се внесува во дневниот ред на седницата”. Ова е Предлог на закон, значи зборуваме за текстот на законот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе во врска со претходно споменатиот амандман.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Бидејќи станува збор за бришење на член, затоа го ставивме на расправа прво овој амандман и ако се усвои другите амандмани не се гласаат.

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сакам да потенцирам дека овој амандман или група на амандмани се поднесени од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и ЛП,  исто како што беше и за Одлуката за референдумот. Имено, со овој амандман, еден од четирите амандмани кои ги предлагаме, се предлага членот 1 да се брише. Би сакал да го прочитам членот 1. Тој гласи:

“Законот за локалните избори (“Службен весник на Република Македонија” број 46 од 1996 година, број 35 од 2004 година и број 52 од 2004 година) во членот 7 став 1 зборовите “третата седмица во месец октомври” се заменуваат со зборовите “првата седмица во месец март”.

Би сакал да потенцирам дека ова е основна одредба и со оваа основна одредба сите избори понатаму, освен првите наредни избори, ќе се одржуваат во првата седмица во месец март. Сега сметам дека со овој амандман ќе овозможиме сите наредни избори, освен првите наредни локални избори, да се одржуваат во месец октомври. Имено, членот 7 од постојниот Закон, значи не овој од предлогот, вели: “Изборите се одржуваат во денот недела во третата седмица на месец октомври”. Значи со овој амандман, доколку се прифати, овие избори односно првите наредни избори ќе се одржат во март или во февруари, зависно како ќе

одлучи претседателот на Собранието, а сите наредни избори ќе се одржуваат во месец октомври во третата недела. Доколку не се прифати амандманот, значи и првите наредни и сите следни избори ќе бидат одржувани во месец март. Тоа ќе значи дека градоначалниците ќе бидат избрани некаде во март, со пролонгирање во април или мај, веќе во календарската година во која ќе има претходен градоначалник кој ги планирал активностите во општината, кој учествувал во сите плански годишни документи за наредната година.

Сметаме дека е поисправно, со исклучок на овие локални избори, локалните избори да се одржуваат на есен, конкретно во месец октомври, со што ќе им се овозможи на градоначалниците кои ќе бидат избрани на тие локални избори да можат до крајот на годината, колку што останува време, да учествуваат да бидат креатори на програмските активности и програмските документи на општината, така што во следната година тие да можат да ги реализираат своите сопствени програми.

Второ, што исто така е значајно и што сметам дека е една од причините поради кои се предлага, освен првите наредни, сите  други локални избори да бидат одржувани во март, со тоа што во 2009 година тие локални избори, доколку овие избори се одржат во март, ќе се прифати сите четири следни години да се одржуваат локални избори, во тој случај и ќе се совпаднат локалните избори со претседателските избори. Веќе знаеме дека  2004 година во месец април се одржаа претседателските избори и знаејќи ја законската регулатива во 2009 годиа тие можат да се одржат и во месец март, а знаејќи го и моменталниот рејтинг и сето она што се случува со Република Македонија, ќе се овозможи и цензусот кој што после тоа беше донесен со измените на Законот за локална самоуправа на 1/3 од избирачите, со одржувањето на локалните избори ќе се овозможи  при изборот на претседателот бидејќи ќе бидат во исто време, да се искористат активностите на активистите на партиите и на граѓаните, за да може да биде избран и претседателот на Републиката. Сметам дека со ова на некој начин се руши или се прави дисконтинуитет во изборот на градоначалниците, бидејќи тие секогаш беа на четири години, односно беа 2000, па 2004, па ќе бидат 2008, 2012 година, претходно беа 1996 година, но сега ќе почнат 2005, 2009 година, односно во непарните години, при што една од главните причини е претседателските избори да се совпаднат со локалните избори во 2009 година.

Затоа апелирам, со оглед дека претставникот на Владата не го прифати овој амандман, иако беа потпишани голем број на пратеници, за следната можност, а тоа

е до парламентарното мнозинство, овој амандман да се прифати и на тој начин сметам дека ќе се задржи традицијата локалните избори да се одржуваат на есен и секоја парна година, 2004 па 2008 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

За реплика се јави госодинот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Не знам зошто колегата Коце Трајановски ваа дискутира. Мислам дека нема ништо да се наруши, иако тој вели дека нешто ќе се наруши. Ништо нема да се наруши. 2005 година во март месец ќе имаме локални избори и едната работа е таа што на тие локални избори во таа прва седмица е се избираат советите, и тоа се избираат во првиот круг, па може и градоначалниците да се избираат во вториот круг. Ништо не е страшно ако во 2009 година се совпаднат локалните со претседателските избори, ќе имаме поефтини избори и во истиот ден ќе се гласа и за едната и за другата работа. Сметам дека нема ништо да се наруши со ова. Затоа, сметам дека е во ред предложениот закон и според мене амандманот не е прифатлив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, повелете една минута контра реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Се плашам од една практика што се спроведува доколку СДСМ е на власт во Република Македонија, никако локалните избори да ги одржиме во термините што се предвидени. Само за потсетување 1994 година се одложија за 1996 година, сега во 2004 година беа за еден термин септември-октомври, дефиниравме да бидат во третата недела на октомври, па потоа дефиниравме во третата недела на ноември, сега ќе дефинираме во март наредната година. Јас би сакал конечно овие избори да се одржат во март и да се прекине праксата на СДСМ да не знаеме кога ќе се одржат локалните избори. Затоа дискутирам да се задржи праксата во Република Македонија 1996, 2000, 2004, 2008 година. Сега ќе биде 2005, 2009, 2013 година. Мислам дека сепак има некоја пракса во Република Македонија. А конкретно пратеникот Јанаќе ја кажа вистинската цел, целта е наредните претседателски избори да се совпаднат со локалните избори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лалчевска, имате збор по овој амандман.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Сосема накратко во поддршка на амандманот, да кажам дека меѓу групата предлагачи на амандманот сум и јас. Ценам дека членот 1 од Предлогот на законот треба да се брише, затоа што со останувањето на овој член е ја нарушиме традицијата на изборите кои се одржуваат секогаш на есен, односно во септември, за што зборуваше и колегата Трајановски и не би сакала тоа да го повторувам, меѓутоа, мене ме измачува едно прашање на кое би сакала да ми одговори министерот. Имено, дали со ваквата одредба господинот министер сака да го усогласи овој Предлог на закон со Законот за локална самоуправа или сака да го прескокне,  односно да ја прескокне одредбата на членот 49, во кој се вели дека градоначалниците се избираат на 4 години. Со последните измени што ги имавме на истиот закон пред околу еден ипол месец веќе ја прекршивме оваа одредба, бидејќи помина времето од четири години, ние не избравме нови градоначалници и сега повторно ги одлагаме изборите за на пролет и повторно го прекршуваме овој основен системски закон, од кој произлегуваат сите други закони, односно кои треба да бидат во согласност со овој закон.

Навистина би сакала да слушнам од господинот министер дали можеби не беше потребно да се изврши измена и во овој основен закон за да не доаѓаме во судир со Законот за локална самоуправа, бидејќи таму одредбата е многу јасна. Пролет мислам дека не е соодветно време за одржување локални избори, освен во оваа прилика, во едни вонредни состојби поради разни недоразбирања дојдовме во ситуација да ги одлагаме локалните избори еднаш,  па сега уште еднаш. Мислам дека овие избори треба да се одржат на пролет, меѓутоа, понатаму идните избори да се одржуваат во оној традиционален термин кога секогаш се одржувале локални избори.

Од тие причини, јас го поддржувам овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повделете господине Мавровски, а нека се подготви потоа господинот Караџоски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би сакал да ги потсетам колегите пратеници и господинот министер дека во тек е расправата за финансирањето на единиците на локалната самоуправа, каде

децидно стои дека буџетите треба да се носат до 31.12. во тековната година, тоа да биде завршено. Ако ги правиме изборите во наредната година во почетокот на месец март, до самите избори би стигнале најмалку уште три недели. Значи првите три месеци колкав ќе биде буџетот и како ќе функционираат општините, а кога ќе се донесе наредниот буџет мислам дека претставува не само теоретски туку и практичен проблем. Затоа, останувањето на изборот на единиците на локална самоуправа, како на градоначалниците, така и на советниците, дава можност ако тие се одржат на есен во првата недела на месец октомври, единицата на локалната самоуправа да го донесе буџетот, можеби со доцнење од месец-два кога ќе може да се интервенира, но не претходната локална самоуправа да го донесе буџетот врз кој ние ќе избереме единица на локалната самоуправа, нов градоначалник и советници кои ќе треба да функционираат врз основа на претходно донесен буџет што не е нивен. Мислам дека не се работи за теорија, се работи за пракса и во овој случај апсолутно не држи изборите да се одржуваат во првата недела на месец март.

Значи предлогот членот 1 да се брише.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Како ни тргна, очигледно локалните избори ќе си ги одлагаме секои наредни три месеци и јас би сакал овде да го потсетам министерот, а и пратениците на владеачкото мнозинство кога расправавме по Законот, речиси пред еден месец, кога се одлагаа изборите за еден месец дека ние како пратеничка група поднесовме еден амандман со кој наговестивме односно побаравме локалните избори да се одржуваат во април месец. Многу добро се сеќавам како голем дел од пратениците од владеачкото мнозинство ме направија видовит човек дека сум предвидувал нешто што е невозможно. Тогаш исто така обрнав внимание дека во процедура е иницијатива за собирање потписи за распишување референдум. Меѓутоа, владеачкото мнозинство беше толку убедено дека таа иницијатива нема да помине и дека на нив им е доволно еден месец за да се одржат изборите според оној термин што беше предвиден во октомври односно на 21 октомври. Ако се прифатеше нашиот амандман, денес немаше да има расправа. Сега не станува збор за тоја кој е видовит а кој не е, станува збор за рационални работи. Ние навистина бевме сигурни дека иницијативата ќе успее, доказ за тоа беа собраните повеќе од 180

илјади потписи, ако се вклучевме малку порано можеби ќе беа и 200 - 300 илјади потписи.

Зборувам за аманманот, гледам дека го уклучивте микрофонот претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за амандманот, очигледно ова беше дигресија.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, станува збор за тоа изборите да се одржуваат секоја трета недела во месец октомври. Многу добро се сеќавам кога почитуваниот министер излезе овде на говорница, кога тој закон со такво решение кое сите го прифативме и глсавме, кажа една многу важна реченица. Рече, прв пат почитувани колеги изборите ги дефинираме во термин и од сега натаму ќе се знае дека локалните избори ќе се одржуваат секоја трета недела во месец откомври. Арно ама, не би било ова Република Македонија  ако се што предвидуваме за жал не се случува така. Сега уште еда контраверзност од предлагачот е тоа што сега наместо да се случува секој октомври во третата недела, сега се предлага решение третата седмица во март месец, односно првата седмица во месец март и убеден сум ако почитуваниот министер го седнат уште малку преговарачите, во следните текст на законот ќе биде месец април, месец мај и тн. Тоа не е добро. Се додека преку ноќ еден закон се менува немаме добри решенија.

Поради тоа почитуван претседател нашето барање со овој амандман, кое јас го поддржувам иако не сум потпишан, е да остане решението онака како што министерот овде го фалеше така гордо како претставник на Владата, дека конечно еднаш ќе имаме дефинирани локални избори, да се знае кога тие се одржуваат. Заради тоа, бидеји не сме многу сигурни ако ваква Влада ни остане и понатаму дека нема често да ги менуваме термините на локалните избори,  јас не знам што друго, потребно е да се задржи старото решение.

Нашиот амандман, поточно амандманот на предлагачите е токму тоа, да се задржи старото решение.  Сега некој ќе каже, можеби министерот ќе каже добро, ама сега имаме вонредна околност, околност која ниту Владата, ниту парламентарното мнозинство ја сонувале дека ќе има референдум прв пат во Република Македонија, после оној референдум на кој се изјаснувавме за сувереност и самостојност.

На овој начин што ние сега бараме да се задржи оној термин во законот со овој амандман, дека на тој начин мандатот на градоначалниците, односно на локалнат власт се скратува на некој начин. И за да не биде така, еве Владата најде некое соломонско решение. Јас и понатаму тврдам дека решението што сега го предлага Владата не е во ред. И заради тоа ако еднаш сме дефинирале дека октомври е месец на избори, дали се тоа локални, дали се тоа претседателски, дали се тоа парламентарни е навистина месец на избори. Ќе ви кажам и зошто.Не е исто да излезете на гласање во месец март, не е исто да водите кампања во месец февруари. Да ве потсетам, февруари е зимски месец. Не е исто. Дали е целта само да се излезе на гласање без можност на граѓаните да се претстават. Ниту програмите, ниту листите на советници, ниту градоначалниците затоа што во зимски услови сите вие добро знаете што значи февруари, колку тоа може да допре до народот, мислам непосредно. Заради тоа почитуван претседателе и почитувани колетги не случајно се зел термин есен, односно октомври, затоа што октомври месец кога еве, одкако јас памтам секогаш се спроведувале избори и граѓаните се навикнати на тоа. Јас разбирам вонредни околности, разбирам вонредни претседателски избори, но тоа се вонредни. Како дојде пракса не е во ред се да ни биде вонредно во оваа држава. Меѓутоа, и сега разбирам да бидат во март месец, иако можеби по логички според мене е да биде месец април, бидејќи барем кампањата ќе ја водевме во март, а март е сепак месец на пролет. И тука можам да сватам и да разберам дека еве, заради референдумот итн, за кој што никој не сметаше, а еве се случи да ги одржиме во наредната 2005 година овие локални избори во тој период. И тоа можам да го разберам. Меѓутоа, зошто во иднина да ги држиме локалните избори на први март, да launched речеме, или на осми март. Нема логика. Дали со тоа се сака од страна на предлагачот да се ускрати можноста на сите политички претставници кои што ќе делегираат свои претставници и да имаат кампања, кампањата да не биде успешна или да имаме некакви избори кои што само ќе се викаат избори на денот кога се гласа. Заради тоа е нашето решение така како што е предложено и заради тоа очекувам, барем очекував министерот малку повеќе да го разбере и свати и да го прифати и заради тоа на некој начин го подржувам тој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратениц, почитуван министре,

Сепак, по однос на поднесениот амандман би сакал да кажам дека е корисен без разлика што истиот е во сукоб со Законот за локална самоуправа каде што зборува дека мандатот на градоначалниците и на членовите на Советот трае четири години. И со она што е дадено во предлог законот сака да се поврзе со тој закон да има пак четири години. Но, сепак мора да размислиме сите како пратеници дека март месец е еден од најлошите и најнезгодните месеци за вршење на избори. Би сакал да укажам само на фактот, тоа што зборуваше господинот пратеник колегата Мавровски. Ние знаеме дека со Законот за финансирање на локалната самоуправа буџетите се носат до 31.12. претходната година, а може истите да бидат и пролонгирани со времено финансирање но најдоцна да се донесат до 31 март. Што би било во една изборна година што може да се случува и секоја година, одредени општини да не ги донесат буџетите и да отидат со одлука на времено финансирање, буџетот што треба да го донесат до 31 март, токму тогаш ќе има избори. Од тие причини сметам дека месец март неможе да биде месец на избори на локалната самоуправа, па и на парламентарен состав и на пратеници. Затоа мислам дека во светот во ниедна држава нема такви избори што се одржуваат во месец март. За таа околност министерот требал да поразмисли и да донесеме соодветни измени на законот. Со предлогот на амандманот неспорно е дека мандатот на советниците и на градоначалниците кои што ќе бидат бирани во 2005 година, ќе имаат скратен мандат скоро од пола година доколку го прифатиме амандманот кој што оди токму од тие причини, а доколку не сакаме да посегнеме во Законот за локална самоуправа, да го скратиме мандатот, тогаш треба нешто друго. Да размислиме дали е можно април или друг месец. Инаку, март месец е тотално непогоден месец и сметам дека на таа околност треба сите пратеници да земат учество. Погрешно е што Законот е предложен по итна постапка, но сепак требало да го разгледаат комисиите. Не е на одмет и не е забрането комисиите да го гледаат ова. Мислам дека овој дел ќе бил во еден потесен круг на комисии расчистено и ќе се нашло некое друго решение.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 78 пратеници, 22 гласале за амандманот, еден воздржан, 55 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1 поднесен од пратениците Марија Којзеклиска и Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Иџет Мемети, министер за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Амандманот е поднесен како што е и во кусото образложение наведено, дека амандманот е потребен заради стекнување на подобар легитимитет на избраните јавни функции во рамките на локалната власт без оглед дали станува збор за градоначалникот, или за советите, но конкретниот амандман е за градоначалникот, затоа што факт е дека ние немаме некои бог знае каков политички дијалог во рамките на Собранието како приврзаници на разни политички опции. Но, мислам дека и кај пратеници кои не припаѓаат на ВМРО им е јасно дека Република Македонија во своите изборни циклуси на сите нивоа на остварување на облиците на функционирање на државата неможе да си дозволи да има различни цензуси по различни носители. Практично, ние на овој начин и кога првиот пат зборувавме за Законот за локални избори во рамките на дебатата токму околу цензусот истакнувавме дека цензусот како политичко прашање не е разгледувано во земјава и ние немаме овде во Парламентот консензус околу тоа и оставаме впечаток дека без оглед на тоа што во Уставот и во законите се прецизирани функциите и ингеренциите на носителите на јавните функции, но не смееме да дозволиме впечаток дека функцијата, или позицијата на еден градоначалник ќе биде разгледувана од аспект дека како функција која се однесува исклучиво на остварување на обврски и права во рамките на локалната самоуправа без оглед што и со пакетот закони за децентрализација, без оглед колку ќе биде засилена позицијата на градоначалникот не смееме да ја ставиме во позиција дека таа на

некој начин се наоѓа хиерархиски во некаква подредена улога од колку она што е остварување на функциите, обврските и правата на пратеник во Собранието на Република Македонија, или претседател на Република Македонија. Тенденцијата на овој амандман е носителите на јавните функции да бидат што е можно повеќе бирани во рамките на идентични или  колку што е можно повеќе слични околности и услови за остварување на нивниот легитимитет пред граѓаните. Ова што се правеше со Законот за локални избори и предлогот за намалување на цензусот, за жал претпоставувам било мотивирано од страна на, во Владата било мотивирано од она несреќно искуство кое го имаа за вонредните претседателски избори. Но, тоа беше несреќно искуство, значи преседан за тие локални избори. Не значи дека на следните редовни или недај боже вонредни претседателски избори, цензусот ќе биде исто така незначителен, па Владата ќе мора, или владиното мнозинство да бара приврзаници од другата страна на политичкиот спектрум за да се стигне до цензусот и претседателските избори да бидат прогласени за успешни. Ако веќе Владата има намера да си поигрува со цензусот, уште еднаш ќе истакнам дека тој цензус не може да биде многу поразличен, а со Законот за локални избори тој е многу поразличен од она што е потребно да се изберат носители на јавни функции во Собранието на Република Македонија и претседателот на Република Македонија .

Исто така, треба да бидеме свесни дека во времето кога Владата инсистираше да се прифати нејзиниот предлог од намалување на цензусот на 1/3 веќе беше започната иницијативата на Светскиот македонски конгрес за собирање на потписите, Тоа се случи така, како што се случи. Но, јас не се сеќавам дека Владата од истите причини излезе со предлог да му олесни на предлагачот на иницијативата за референдумот и да го намали потребниот цензус и на потписите од граѓаните. Ние како ВМРО имаме едно несреќно искуство во минатото кога Владата интервенираше своевремено исто тогаш беше господинот Црвенковски на власт, интервенираше во текот на самата кампања за прибирање, одкако беа собрани потписите со интервенција Законот за референдум тогаш се смени на начин како што и сега е на сила во Република Македонија. Значи, ние не смееме како Собрание да оставиме впечаток дека носителите на јавните функции во Република Македонија се рангираат никако поинаку освен според словото на Законот. Значи, пратениците имаат обврски како што се регулирани со Законот и со Деловникот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија има

обврски и права како што е набележано во Уставот и градоначалникот има обврски и права како што е забележано во Законот за локална самоуправа  но неможе да се прави разлика по однос  на тоа дека за некого се доволни пет гласови за да стане носител на јавна функција, а за некој се доволни два затоа што во крајна линија и неговата функција во рамките на институциите во Република Македонија  и не е толку значајна и не треба да губиме време со тоа па нему му се доволни два или три гласа за разлика од оние другите. Значи треба да ни биде пристапот по ова прашање, можеби и поради тоа што се наоѓаме во една ситуација на преседан и како Собрание сме затечени . Јас би му обрнал внимание на господинот Мемети и воопшто на пратениците од владеачкото мнозинство да обрнат внимание и на овие аргументи кои велам ги кажувавме и првиот пат кога се пјави тој предлог на пленарната седница низ амандманската расправа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА :

Благодарам претседателе,

Јас на кратко ќе го причитам членот 55 врз основа на кој го поднесуваме амандман со колегата Трендафилов.

Значи членот 55 став 1 гласи: Во првиот круг од гласањето за градоначалник е избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале доколку на изборите излегле 1/3 од вкупниот број избирачи запишани во изводот од избирачкиот список за соодветната општина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска  може ли нешто да ве прашам само.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Да повелете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова што е пред мене неможам да го најдам тоа.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Не ве слушам претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзекслиска може ли да ве прашам

Ова што е пред мене како предлог за измена и дополнување на закони, тој член неможам да го најдам.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ние се си знаеме. Сега ќе ви објаснам. Се си знаеме и затоа ви кажуваме. Ќе ви објасниме. Значи ваковн амандман ние поднесовме и кога го менувавме Законот, почитуван претседателе, по итна постапка исто така во месец август и баравме 1/3, зборот 1/3 да биде заменет со: повеќе од половината. Значи, и во претходната расправа по предлогот на Законот за измена и дополнување на Законот за локалн избори по итна постапка го имавме овој Закон. Овој амандман парламентарното мнозинство не го усвои. Министерот Иџет Мемети исто така не го усвои. И сега затоа што повторувањето е мајка на знаењето, уште еднаш го предлагаме овој амандман со кој бараме значи цензусот за избор на градоначалник да не биде 30% од избирачите кои излегле, туку да си остане, повеќе од половината, како што беше во основниот текст на Законот за локални избори. Ние како пратеници учествувавме во дебатата за децентрализацијата, пакетот закони за децентрализација во првата фаза, затоа што ја почнавме расправата за најважниот закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа и веројатно таа расправа ќе продолжи и во текот на наредната недела. Значи, во првата фаза дискутиравме по сите финансиски ингеренции кои се пренесуваат од централно ниво на единиците на локалната саомуправа. Начинот и постапката како општинските администрации, градоначалниците треба да ги собираат сопствените приходи во соодветната единица за локална самоуправа, значи тоа не е ниту малку лесна работа. А од друга страна во самиот закон за локални избори се бара цензусот за избор на градоначалник како една од најважните функции кои ќе ги имаат со наредните локални избори да биде истиот тој градоначалник избран само со 30% , или 1/3 од населението во таа единица на локална самоуправа. Зошто само со 30%? Дали тој градоначалник не треба да ја добие подршката на поголем број најмалку на половина од гласачите кои живеат во таа единица на локална самоуправа. На крајот на краиштатан рековме дека ингеренциите и обврските кои им се пренесуваат на градоначалниците се најмалку дупло зголемени. Од тие причини почитувано парламентарно мнозинство, барам од вас да гласате за овој амандман и цензусот од 30%, или 1/3 да си се врати на нормалата која беше со Законот за локални избори донесен во 1995 година. Нешто во последно време ги враќаме годините station наназад

1996, 1995 година. Уште еднаш апелирам до парламентарното мнозинство да гласа за амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мала корекција, 1/3 е 33,333..%.

Ние пред малку дискутиравме за 3% и 3,1% околу ДДВ. Па 3% е сепак малку повеќе од 0,1%.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Најнапред да расчистиме една работа бидејќи гледам не ви е јасна .Значи пратеничката на ВМРО-ДПМНЕ многу добро знае што може да предлага како амандман и многу добро знае дека без разлика што ни се нуди како текст, секогаш деловнички имаме право да поднесуваме амандмани на целиот текст на Законот. Тоа сме го правеле и претходно, тоа го правиме и сега. И колешката кажа дека повторувањето е мајка назнаењето, а јас би рекол, повторувањето е најчин да ве убедиме да гласате, ако никој друг, барем вие претседателе, со онаа изрека: изненадете не еднаш. 076-00

Инаку, што е поентата. Поентата е што и првиот пат кога се носеше законот цензусот од 1/3 ние го критикувавме и го оспорувавме. И тогаш делувавме со амандмани и сега ја користиме приликата, и секогаш ќе ја користиме приликата доколку секој месец ни се нуди ваков закон се со цел да укажеме и на предлагачот и на парламентарното мнозинство дека не е во ред со 1/3 цензус да се бира градоначалник. Тоа е страшно минимална бројка. Зошто? 33,333 и тн е многу малку во однос на 100%. Претседателе како математичар многу добро ја знаете таа бројка. Со 33,33 и тн. да се дојде до градоначалничка функција на непосредни избори е сепак мала одговорност. И плус тоа да додадеме во услови на нова територијална организација, во услови на нова децентрализација, во услови на зголемени ингеренции на градоначалникот и локалната самоуправа согласно сите овие пакети, кои што се надевам од вторник натаму ќе ги продолжиме е мала одговорност. Јас сум свесен и многу ми е јасно дека позицијата знае дека рејтингот и паѓа. Многу ми е јасно дека и 33,33% тешко ќе ги најде, меѓутоа не се прават избори само на некој што му чини, оној што е моментално на власт. Се прават избори да чини за граѓаните, а цензус од 50 односно половина од избирачите е сепак нешто што значи поголема одговорност на оној што ќе се избере, како и за оној што го избрале и

граѓаните што ги претставува. Тоа решение беше апсолутно исправно. Ова решение кое се нуди не е во ред.

(Меѓусебно зборување на пратениците во салата)

Ако не сум интересен претседателе, незнам, можете да свртите внимание.

(Претседателот ги опоменува пратениците со ѕвончето)

Друго е прашањето дека според законското решение изборите за градоначалник се вршат во два круга, меѓутоа со овој цензус од 1/3 прашање е дали воопшто ќе има втор круг, а и тоа исто така не е добро, затоа што многу голем дел од оние кои што се кандидираат ќе ја немаат таа шанса да влезат во втор круг, затоа што со 1/3 може да се дојде до конечно избирање на градоначалник.

Значи од сите овие причини го предлагаме овој амандман, не е на одмет да се преиспитаме сите и не е на одмет да се гласа за. Ништо нема да изгубиме, само ќе добие демократијата. Заради тоа јас се придружувам кон овој амандман и ќе гласам за.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули, повелете 3 минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Бидејќи повторуваме, да повторам јас  она од минатиот пат што зборувавме.

Со постојното решение или со претходното решение што го споменуваат колегите од опозцијата повикувајќи се на кредибилитетот на градоначалникот можно е во вториот изборен круг или изборен циклус да се избере градоначалник со два гласа, односно со 0,0 и нешто посто во однос на избирачите, бидејќи во вториот изборен циклус не постои цензусот. Значи, не станува збор за кредибилитет или не, тој ќе ја добие поддршката од граѓаните бидејќи претходниот концепт може да понуди градоначалник кој ќе добие само два гласа, а другиот кандидат да добие само еден. Така да, не држат овие тези и ние сме за предложеното решение што го усвоивме минатиот пат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски, 1 минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Макрадули ајде да размислиме една ваква работа. Замислете сега референдумот наместо да има цензус 50% излезеност, да биде 1/3 од вкупното гласачко тело во Република Македонија. Дали тогаш немаше да предложите амандман да го зголемите тој цензус, затоа што уште гаите надеж дека тешко се

собираат тие потписи, заради тоа што вас така ви чини, бидејќи сте сега моментално на власт. Заради тоа зборувам, ако некој цензус имало основ и причините поради кои што ги имал тој требало да се задржи, а не преку ноќ да се менува само на некој да му се угодува според моменталната состојба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да кажам дека ќе го поддржам овој амандман.

Имено ова е втор обид на опозицијата, втора можност да влијаеме изборот за градоначалник во првиот круг минимумот на излезени гласачи ќе биде 1/3 или 33, во период ако сакате точно да дефинираме со проценти. Тоа беше првиот пат кога се направија измените непосредно после последните претседателски избори, а вториот пат сега, што значи секогаш ние ова ќе го правиме.

Инаку, претходно треба да се донесат измените минимум на излезени гласачи беше 1/2 . Зошто ние ова го предлагаме.

Тоа значи со вака нискиот цензус или број на излезени гласачи во првиот круг ќе значи дека ќе може да бираме маалски градоначалници. Градоначалникот или советите кои ќе бидат избрани ќе немаат полн легитимитет бидејќи при избор во сите закони и заради успешен легитимитет се бара минимум 1/2 како што кажа колегата Караџоски, последниот е токму референдумот каде што се бара да излезат токму 1/2 од вкупниот број на избирачи или некаде повеќе од 850.000. Јас ако може некако да ја разберам причината дека во времето кога ги донесувавме измените на овој закон, т.е. кога се намали цензусот тоа беше непосредно по претседателските избори поради апатијата на граѓаните од севкупните состојби во Република Македонија и нивната незаинтересираност за тие избори, мислам дека сега може малку пореално да расудуваме и да гледаме и овој услов да биде онака како што навистина е нормален тој услов во сите закони, па вклучително и при изборот на градоначалници.

Значи ќе се даде можност особено во помалите општини и таму каде што има големи стопански субјекти, а мали општини да се влијае на граѓаните и да се избере градоначалник, полесно да се влијае за што им се дава и законска можност за да може да се избере градоначалникот во тие општини со мал број на излезени гласачи. Тоа значи, како пример би кажал тоа што ние го донесовме Законот за

територијална организација, верувам дека референдумот ќе успее, меѓутоа според вашето мислење доколку немаше референдум предложивте општините да бидат минимум или околу 5.000 жители. Јас би претпоставил тие 5.000 жители да имаат околу 3.000 гласачи. Од тие 3.000 гласачи треба да излезат во првиот круг 1.000, а за градоначалникот да гласаат 501, иако имаме голем број на општини што имаат помалку од 5.000 жители, или уште помалку број на гласови. Тоа значи дека треба 1/3 или 33,33 во период да излезат на гласање во првиот круг, а за градоначалникот да гласаат повеќе од 1/2 од излезените или приближно 17%. Значи навистина мал број на гласови за градоначалик кој што ќе треба да има полн легитимитет на територијата на таа општина, а знаејќи согласно Законот за локална самоуправа и надлежностите кои што сега ќе ги има локалната самоуправа навистина треба да избереме градоначалик кој што ќе има полн легитимитет и навистина ќе се оневозможат сите можни манипулации, притисоци према граѓаните, бидејќи сега е многу полесно да ги условат да не излезат отколку да излезат па да гласаат за одреден кандидат.

Значи, отвараме една можност за манипулација, независно од кој кандидат за градоначалник најчесто тоа власта го употребува, меѓутоа многу често и стопанственици со многу големи стопански објекти во релативно помали општини. Затоа сметам дека овој цензус, барем овој пат, ако прв пат не прифативте, парламентарното мнозинство да прифати и навистина овој закон да одговара и на европските стандарди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски, имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас сакам да се приклучам кон овој амандман затоа што еве веќе трет пат се случува да дискутираме на оваа тема. Првиот пат беше при донесувањето на Законот за локални избори, вториот пат кога имаше на Законот за локални избори, со одлагањето на изборите за еден месец и еве сега денес трет пат зборуваме за истата работа, во рок од два или три месеци, неможам точно да се сетам, меѓутоа факт е дека ова само зборува за упорноста на парламентарното мнозинство во одбивањето на овој предлог, како и во несериозниот пристап кон конципирањето на самиот закон за локални избори.

Фактот што по секоја цена сака да се истурка едно решение, во кое што во првиот круг би се избрале голем број на градоначалници на општините. Неможам да кажам колку би било тоа во проценка, меѓутоа фактот што сеуште, односно Законот за територијална поделба на Република Македонија е проблематизиран и не се знае точниот број на општини во Република Македонија во овој момент. Неможе точно да се каже бројка или статистички колку тој број би изнесувал Меѓутоа, факт е дека се сака во првиот изборен круг да се обезбеди избор на градоначалник на општините, кој што би имал легалитет, меѓутоа би немал легитимитет. Зошто го зборувам ова? Затоа што може Министерството да предложи, односно Владата, а парламентрното мнозинство да прифати и цензусот од 10%. Тоа би било исто ова, па јас незнам ниеден аргумент, не слушнав зошто баш 30% е најден да се определи легитимитетот на избраниот градоначалник. Ако веќе зборуваме за легитимитет. Значи тоа е 1/3 од вкупниот легитимитет кој што го даваат граѓаните на избраниот градоначалник како целина.

Бидејќи за избор на градоначалник, 30% односно 1/3 претставува цензус за излезеност на гласачите, тогаш тој процент се сведува на пола од тоа, односно на околу 15% од вкупниот број на гласачи кои што треба да претставуваат легитимно избирачко тело кое што ќе му даде мандат на на градоначалникот да раководи во наредните 4 години во името на сите 100% граѓани на соодветната општина.

Навистина се прашувам кој е критериумот за овие 30%. Зошто не се 40%, зошто не се 20% или зошто се менува тој процент од 50%, затоа што процентот 1/2 навистина значи барем секој втор граѓанин, жител на таа општина да излезе на гласање, а најмалку 1/4 односно секој четврт да го дал гласот за избраниот кандидат за градоначалник.Ако ова не претставува доволен аргумент тогаш неминовно доаѓа заклучокот дека на Владата односно на владеачкото мнозинство со неприфаќањето на овој предлог не им е важно легитимно избирање на градоначалник, туку им е важно само легално избирање на градоначалник односно согласно законот дали е 10 или 30% од излезените од нив половината да гласаат за определено лице кое што е кандидат за градоначалник и на тој начин тој согласно Законот кој што е донесен без аргументи, мислам како конкретно решение за кое што зборуваме сега, се избира за градоначалник и има мандат да раководи со таа општина во името на сите жители на таа општина.

Значи, односот власт - народ на овој начин само се потврдува и се покажува дека односот кој што Владата на Република Македонија го имаше кон локалните

референдуми кои што се одржаа по повод Законот за територијална поделба на Република Македонија дефинитивно продолжува и со овие решенија кои што се наведени во Законот за локални избори, а кои што се однесуваат да се постигне една единствена цел, а тоа е, да се избере  по секоја цена лице кое што ќе има легалност да ја врши таа функција и независно од должината на изборната кампања, која што навистина нема време за прикажување на програмата да се избегне можноста од легитимно изразување на волјата на граѓаните која што е неопходна при изборот и на советници и на градоначалник.

Сметам дека ова што го зборувам и како бројка беше кажано и досега, меѓутоа ќе дадам и конкретни примери. Општина Вранешница, привремена општина која треба да постои 4 години има околу 1500 жители. Во овој момент, немам извод од единствениот избирачки список на Република Македонија кој што се однесува на оваа општина, меѓутоа знам дека најмалку 60% од овие жители има гласачко право. Тоа значи дека околу 1000 гласачи би имала општина Вранешница. Од тие гласачи според ова решение треба да излезат 330 гласачи, а од нив 170 или 166 гласачи да го дадат гласот за да биде избран градоначалникот на оваа општина. Сметам дека ова доволно зборува за пристапот кој што го има Владата да избере што поголем број на градоначалници во првиот круг, независно од волјата на избирачите, независно од волјата на оние чии потреби треба да ги реализираат и остваруваат градоначалниците и општинските совети.

За да се поттикне, а можно е  поттикнувањето на излегување на гласање е добра можност која што ова решение го прави сооодветно, затоа што поттикнувањето би се однесувало да излезат само оние кои што ќе обезбедат цензус од  30%, кои што во поголем дел би биле гласачко тело кое што редовно и послушно мора да ги реализира барањата на политичката партија која што стои зад него, или политичките партии кои што влијаат за неговото излегување на гласање, а од друга страна бидејќи политичката битка знаеме на кој начин се води од страна на власта ќе биде многу можно да се врши опструкција за излегување на оние лица кои што би го зголемиле тој цензус или би го зголемиле бројот на гласови кои што нема да доведат до над  51%  од излезените 30% гласови за избор на градоначалник. Значи, на овој начин директно се остава простор на власта, на Владата преку своите институции да може да влијае за неизлегување на гласачите и на тој начин со еден цензус од 30%, со излегување на послушното гласачко тело од 15% ќе може да го избере својот градоначалник и никој нема да може ништо да каже, затоа што

легитимноста ја нема, меѓутоа тоа ќе биде легално согласно овој закон за кој денеска дискутурираме.

Изразот на волјата на гласачите, изразот на волјата на граѓаните на Република Македонија не само преку референдумското изјаснување како начин на непосредна демократија и изборите претставуваат основен начин за да може тие да гласаат и да ја одредат својата судбина на локално ниво.

Впрочем, и самиот факт на значењето на процесот на децентрализација доби соодветен третман и во ова Собрание треба дополнително да ни даде до знаење дека неопходно е избраниот градоначалник да има легитимитет со оглед на вкупните надлежности кои ги има со новата децентрализирана поставеност на општините во Република Македонија. Ако тој градоначалник треба да одлучува за сите прашања од областа на основното образование, за прашања од областа на средното образование, за прашања од областа на локалниот економски развој, ако тој треба да одлучува за сместувањето на децата од преддучилишна возраст, ако треба да ги решава проблемите во урбанизмот, проблемите во сообраќајот, сите оние проблеми кои што се наведени во членот 22 од Законот за локална самоуправа, тогаш за тоа мора да има легитимитет.

Се друго значи девалвација на сите овие закони кои што ги носиме во овој парламент и оставаме простор само врз основа на некаков легалитет, на некаква форма, која што би била задоволена, а може едно лице кое што нема авторитет пред граѓаните, затоа што тој авторитет не му е потврден преку гласањето, преку легитимната поддршка што треба да ја добие на локалните избори, ќе може да раководи со сите овие надлежности со целата општина и со тековниот и секојдневниот живот на граѓаните на секоја општина поодделно.

Од овие причини, сметам дека најмалку што може Собранието да направи, најмалку што може да направи министерот за правда е да објасни кои се аргументите за да се донесе решение со кое што 30% треба да излезат, а 15 или 16% треба да гласаат за одредено лице кандидат за градоначалник и на тој начин би бил задоволен критериумот легитимитет на тој градоначалник за водење на општината. Легалитет да, затоа што се она што е напишано во законот претставува легално и исполнувањето на тие услови е легалитет, меѓутоа, легитимитетот кој што претставува реален израз на волјата на граѓаните по овој случај го нема.

Затоа апелирам да се прифати овој амандман, барам министерот да даде согласност за него на тој начин да престанат дилемите околу легитимноста на идните градоначалници во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Стојановски, навистина, повторувањето е мајка на знаењето ќе ме убедите дека е 31 третина.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 17 гласале за, нема воздржани, 41 против амандманот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Без овие тројца што велгоа сега.

Во салата беа присутни без тројцата што накнадно влегоа за време на броењето 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по 1членот 1 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен дали некој бара збор.

Повелете г-дине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Амандманот е поднесен со единствена причина одредени дилеми кои беа искажани од неколку пратеници во поглед и на дебатата која беше во текот на вчерашната сседница и во поглед на неколку амандмани врзани со дополнувањата на законот за локалните избори, значи доколку предлагачот во овој случај Владата на Република Македонија излегува со став дека изборите треба да се одржат најдоцна до 31 март 2005 година, за да имаме време, можеби ќе почнеме да комуницираме во насока, бидејќи сите сме свесни дека сега се наоѓаме во една ситуација која е предизвикана од преседант, значи најрано на 6 март, а најдоцна на

крајот од март на 31 март 2005 година, така како што предложи предлагачот. Овој амандман кажува дека. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Овој амандман е за половата застапеност.

Член 1-а по член 1.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Тогаш ќе бидам принуден да прочитам кратко две одредби од Уставот на Република Македонија. Во овој амандман кој го предлагам по трет пат, тоа е членот 9 од Уставот на Република Македонија, каде што пишува: "граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви."

Во членот 54 пишува: "ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторска по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално и социјално потекло, имотна или општествена положба". Предлагачот на членот во Законот за локални избори, се меша во политичките слободи и права на предлагачот сам да решава според кои критериуми, значи како предлагач во рамките на член 9 граѓански и политички слободи, односно граѓански и политички права, според критериумите што тој како предлагач ги смета за валидни да ја составува својата политичка платформа, самиот да ги предлага луѓето, кои сакаат да излезат и политички да се натпреваруваат со нивните конкуренти во рамките на било каков вид на политичка конкуренција. Без оглед дали во случајот станува збор за локалните избори. Значи во Уставот можеме да спориме дека ниеден не треба да се сваќа во апсолутна смисла. Но членот 9 може би е од оние членови во нашиот Устав кој по независноста беше донесен и на кој треба најмногу внимание да посветиме, токму како законодавен дом на Република Македонија. Значи во овој случај, предлагачот го ограничува правото на изразување на политичката желба на предлагачот сам, значи во апсолутна смисла на зборот сам поред критериумите, што тој мисли дека се најдобри да се претстави пред потенцијалните приврзаници, односно да се претстави пред бирачите на начин како што тој мисли дека треба да биде претставен.

Република Македонија, во случајот законодавниот дом на Република Македонија уште еднаш ќе се испречи, во рамките на она што е напишано во членот 9 и во членот 54 од Уставот на Република Македонија.

Не можам да ги прифатам тврдењата кои беа кажувани во минатото, затоа што се она што со Уставот и законот не е забрането, тоа е на левата страница г-дине Мемети од ова што јас го читам, значи вие не можете да ни ги ограничувате правата во никаква смисла на предлагачот бидејќи зборуваме за конкретен амандман за конкретниот закон.

Токму од тие причини, повторно го поднесувам овој амандман, затоа што ако нешто се доближува до апсолутна сигурност, тоа е најдолгиот можеби член во Уставот на Република Македонија и членот околу кои Република Македонија може да гради односи такви какви што сака и можеме да личиме на една нормална земја, тоа е членот 9, граѓаните на Република Македонија се еднакви по слободите и правата независно од пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичкото, верското, уверување имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Тука не пишува дека некој е поеднаков, дека некој е понееднаков.  Вели дека сите граѓани на Република Македонија пред Уставот и законите се еднакви. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам, г-дине Јорданоски.

Она што е дадено како решение во Законот.. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, дали се јавувате за реплика г-ѓо Лалчевска. Мислев дека сте од иста страна па реплики не се даваат.

Повелете реплика имате три минути.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе,

Вие нема што да мислите, вие треба да го менанџирате Парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не ве забележав дека барате реплика.

Повелете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Г-динот Трендафилов принципиелно по трет пат го предлага овој амандман а јас принципиелно морам да му реплицирам. Членот 9 од Уставот токму така

предвидува меѓу другото и полова рамноправност. Меѓутоа, г-дине Трендафилов тоа е правна и уставна рамка, која дефакто во Република Македонија и пошироко во регионот не е така. Заради приближување кон членот 9, кон полова рамноправност квотата која е внесена во законот за локални избори и во Законот за избор на пратеници е само прв чекор во отворање на процесот на демократизација. Општеството ќе биде демократско, тогаш кога правата, без разлика на полот ќе бидат еднакви. За жал, кај нас не е така. Не можат квотите да се сваќаат ограничувачки тогаш кога отвораат демократски процеси. А внесувањето на ваквата квота е токму со таа цел, кон приближување на Уставната рамка која ја дава членот 9. Да не заборавиме дека женските права се дел од човековите права. Само дефакто почитување, односно само ставање во правна рамка без практично низ законите, почитување на ваквата одредба е само декларативно. За да излеземе од декларативноста, затоа е предложена квотата во овие закони.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имате г-дине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитувана колешке што се однесува до мене либералната партија на следните локални парламентарни или било какви избори, може да излезе со листа составена од 100% припадници на женскиот пол. И ние ќе бидеме можеби блиски и тогаш, може би нема да бидеме. За мене апсолутно ми е неважно дали вашите кандидати ќе бидат мажи, жени, русокоси, црнокоси, синооќи. Мене ми е важно дека како предлагач, значи јас како приврзаник, како член на ВМРО, не може некој да ми кажува со закон и устав мене ми гарантира сам да ја составувам според критериумите кои што мислам дека се најдобри. Значи тоа се однесува за моите права. Дали и јас ќе излезам со 99% жени, со 100% машки кандидати, тоа апсолутно не е важно за ова  јас што го зборувам.Важно е само ова дека во членот 9 ние сите пред Уставот и пред законите сме еднакви. Не сме ни по еднакви, не сме ни по нееднакви. Зборувам за тоа. Зборувам за правото што вие се обидувате мене да ми го наметнете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Трендафилов.

Повелете г-дине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Мислам дека основната причина по која што еве и овој амандман како и претходниот го поднесуваме по втор пат, односно по трет пат, заедно со моментот на донесувањето на законот за локални избори е пред се заштита на интегритетот на жената. Зошто сакам ова да го кажам. Затоа што некој со декрет да каже дека вие како маж, или како припадник, или како студент, или како вработен, или како невработен, мора да бидете дел од една изборна листа и со тоа да биде направено на начин, во кој што треба да се кажува и во кој дел од таа изборна листа треба да бидете, навистина претставува нарушување на објективните критериуми за утврдувањето на листата на кандидати. И истовремено, значи дека некој морал тоа да го направи, затоа што тоа е така предвидено со закон, а не заради тоа што реално врз основа на процесите кои што се одбиваат во политичките партии за избор на кандидати, тоа реално претставува израз на мојот квалитет и мојата способност, навистина да ги застапувам интересите на граѓаните кои ме бираат.

Од овие причини, сметам дека и самото вакво решение е девалвирачко за припадниците на понежниот пол. Иако позитивната дискриминација е позната во светот, меѓутоа, позитивната дискриминација ние ја имаме како пример во Република Македонија, која што се однесува на припадниците на етничките заедници при квотите за упис на универзитетот Св. Кирил и Методиј. Меѓутоа, таму позитивната дискриминација што се однесува на етничката припадност на тие лица, а не на квалитативно натпреварување со сите идни студнети што треба да се запишуваат на тој факултет. Значи имаме еден формален аспект кој што е утврден со декрет, зо закон, со одлука и на тој начин се девалвира квалитативниот пристап при утврдувањето на кандидатите за советници на општинските советнички листи.

Зошто велам дека ова претставува формален начин? Затоа што квалитативното подобрување на статусот на состојбта и позицијата која што ја има жената во Македонското општество претставува она што треба да биде приоритет и примерно во борбата за рамноправност односно реална рамноправност на припадниците на машкиот и женскиот пол, со што во целост би се остварила Уставната одредба дека сите граѓани на Република Македонија се рамноправни, без оглед на нивниот пол, вероисповест, политичка припадност итн.

Јас се прашувам, ако веќе се оди по овој принцип зошто да ги девалвираме генерациските разлики. Зошто во овој закон да не стои дека студенти до 24 години треба да има по 2 во горниот дел и 2 во долниот дел од листите. Зошто да не стои

дека барем по еден невработен или по 2 невработени треба да стојат во горниот или во грониот дел од листите. Зошто да не стои дека толку и толку социјални случаи, треба да стојат во горниот или во долниот дел од листите за советници. На тој начин би ги опфатиле сите оние различни групи, колективитети, сите оние интересни групи во Македонското општество и на тој начин веќе го имаме овој пристап во кој што утврдува кој колкава бројка претставува и кој колкаво учество треба да земе во овие советнички листи. Меѓутоа, и едно друго прашање зошто 30%. Зошто најмалку 30% зошто да не биде најмалку 60% или зошто не најмалку 50%. Нека биде соодветен израз на застапеноста на жените во структурата на населението во Република Македонија. И на тој начин Рамковниот договор секако го применуваме на етнички принцип да го применуваме и ова на меѓуполов принцип, затоа што овој пристап е баш таков. Ова претставува често девалвирање на Уставната одредба за почитување на индивидуалните слободи и права на секој граѓанин на Република Македонија, затоа што и мажот и жената независно од нивната политичка етничка и културна припадност се рамноправни и имаат подеднакви права и слободи согласно Уставот и законите на Република Македонија. Иако некој навистина сака да постигне нешто, тоа треба да го направи во сопствената партија, тоа треба да го внесе во статутот на сопствената партија и таму да стои дека организацијата на жените предлага толку и толку претставници на понежниот пол во тој или оној дел од листата за советници. Меѓутоа, на соодветната партија, а не на ниво на држава, затоа што на ниво на држава се крши како што кажав основниот принцип на рамноправност на граѓаните на Република Македонија, без оглед на нивното потекло итн.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стојаноски, ќе се најде ли некој пратеник овде да зборува за правата на мажите, бидејќи со вашите дискусии токму правите нерамноправност бидејќи амандманот не зборува ни за машки ни за женски пол, туку зборува само за тоа дека секој пол ќе биде застапен за 30%. Веќе во самата дискусија вие ја правите таа нерамноправност, а се залагате за објективна и природна рамноправност. Еве да придонесеме околу тоа јас и ти да се откажеме од пратеничкиот мандат па нека дојде првата жена што е на листата да биде пратеник.

Повелете контра реплика една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе, овој предлог што сега се дава или претставува законско решение, треба да се доизгради. Што сакам да кажам? Колку жени дојдоа на место на министри.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не станува збор за жени. Станува збор за полот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Зборува за престанок на мандат на пратеник и замена на постојниот пратеник со пратеник следен на листата. Дали, ако и престане мандатот на припадничка на понежниот пол, треба нејзе да ја замени припадничка на понежниот пол? Зошто тоа не е постапено во однос на избор на Влада, министри на Владата на Република Македонија? Нека има измени и во Законот за Влада. Меѓутоа тоа нека оди во пакет за вистинска позитивна дискриминација за почитување правата на жените во сите сфери на општествениот живот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не се разбираме. Зборуваме за позитивна дискриминација и за мажите на крајот на краиштата. Да авансираме во нашата иднина.

Има реплика госпоѓа Ганка Самоилова Светановска.

ГАНКА САМОИЛОВА ЦВЕТАНОВСКА:

Благодарам г. претседателе.

Морам да реагирам принципиелно како припадник на женскио тпол, бидејки членот 15 воопшто не го доживувам како деградирачки или како дискриминаторски, во однос на женскиот пол, бидјеки тука никаде не пишува дека 30% треба да бидат застапнички на понежниот или на женскиот пол, туку многу децидно стои дека секој пол ќе биде застапен со најмалку 30% и во горната и во долната половина од листата. Така што, незнам од каде идеата дека овие 30% мора задолжително да се однесуваат на женскиот пол. Може да се однесуваат и на машкиот пол.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Стојаноски имате една минута реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ви благодарам за грижата за припадниците на машкиот пол. Ви се заблагодарувам за тоа затоа што мислам дека не ни е потребна. Јас знам дека

постојат два пола, барем сега за сега и ако припадноста на 30% се однесува и на машкиот и на женскиот пол.

Повелете госпоѓо Лалчевска имате три минути реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г. претседателе, иако мојата ценета колешка Самоилова ја исцрпи репликата што јас имав намера да ја дадам. Значи одредбата не се однесува на 30% жени. Мене ми е жал што дел од колегите не ја разбрале одредбата. Таа се однесува за 30% застапеност на спротивниот пол, оној пол што е загрозен. Може да биде и обратно.

Замислете колега Стојаноски, да е предложат 90% жени на листите, како вие би се чувствувале тогаш. Тогаш одредбата која стои во законот ќе го штити оној пол што е загрозен, во случајот. Значи да е приближиме полека демократски до она што рековте 50%, затоа што природата дала така, 50 на 50 застапеност, скоро идеална застапеност на мажи и жени, природно тогаш така треба да биде и во системот. Тоа е првиот дел.

За другиот дел што сакам да реплицирам, рековте вака: зошто, се прашавте, генерациски разлики, зошто оние што се социјални случаи не биле процентуално застапени и наведете уште некои други, меѓутоа сите тие се променливи категории. Можете во еден момент да бидете социјален случај, па да не бидете. Исто и генерациските разлики се, сега имате 20 години, после неколку години имате 30 години. Меѓутоа, половата припадност е еднаш дадена.  Барем природно е непроменлива. Затоа е потребно и природно да биде почитувана.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Науката отишла многу далеку, госпоѓо Лалчевска.

Повелете г. Стојаноски имате една минута реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ќе бидам многу краток.

Сакам да кажам дека не сакам да бидат на листа само затоа што сум припадник на машкиот пол.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Мене ми е мило што овде некои почнаа и да се забавуваат во поглед на овој амандман.

Јас уште еднаш ќе се вратам на членот 9 и уште еднаш ќе се навратам на тоа дека мене ми е ирелевантно дали кај либералите, дали кај госпоѓата Самоиловска ќе има 23 кандидати за советничка листа кои се жени, даи Ќе бидат 23 од кои ќе бидат сите мажи. Тоа си е работа на предлагачот, во рамките на она што му го дозволува Уставот и Законот. Од друга страна јас како, можеби потенцијален предлагач на една иста таква листа од 23 потенцијални советници, во некаква локална самоуправа на територијата на Република Македонија, не можам да прифатам некој со декрет мене да ми го оспорува или да ми го ограничува правото на начин како што јас мислам дека е најдобро да ја презентирам политичката платформа, да излезам со кандидати за советници. Значи да не се обидуваме да се правиме недоветни и на некои шевовити води да се обидуваме да ја носиме оваа тема. Јас зборувам врз основа на член 9 од Уставот на Република Македонија. Се додека тој член 9 постои во Уставот на Република Македонија , се додека во Уставот на оваа земја пишува дека мојата, како и слободата на сите други е неограничена, или ако се ограничува може да се ограничи на начин како што е утврдено во Уставот, не во Законот, тогаш јас ќе зборувам на начин како што зборувам сега. Значи, да направиме една многу јасна работа и д ане се обидуваме да го дефукусираме прашањето. Значи јас како еден од предлагачите, по трет пат, на овој амандман, за мене е неважно како вие ја составувате вашата листа, или како вие сакате да ја составите. Вие како потенцијален советник, или како учесници во политичките битки во Република Македонија, за функции и за позиции и за промовирање на својата идеа, е тоа како вие ќе го направите, е ваша работа, се додека сте во рамкит ена словото на Законот на Република Македонија и на Уставот, што е најважно. Но, истовремено јас не можам да ве сватам како пак вие од друга страна се обидувате мене тоа право да ми го ограничите, како потенцијален предлагач на советничка листа, зборувам. Таа разлика да си ја направите и да ја сватите. Немојте да се обидувате да наметнете некаква искривена теза. Јас зборувам за моето право, не зборувам за вашето право. Вие во моментот сте во Собрание и вие можете да ги застапувате вашите политички определби, така како што вие мислите. Тоа е ваше право. Но, истовремено тоа ваше право не ви дозволува да го ограничувате правото на другите, до толку повеќе што тоа право и слобода им се загарантирани со Уставот на Република Македонија. Ако веќе нешто во тој правец сакаме да направиме, тогаш тоа не може да се направи парцијално, само за ова да важи.

Господинот Стојаноски спомна дека ние имаме нерамномерсност во Владата на Република Македонија. До каде би не одвела една таква ситуација до колку почнеме да поднесуваме амандмани, да дебатираме секој месец и за носители на јавни функции кои, ирелевантно, или не е ни спомнато дали треба да бидат високи, ниски, и незнам од кој пол, или не треба да бидат. Членот 9 од Уставот на Република Македонија е многу добар. Членот 9 од ставот ако го спомнуваме повеќе и ако почнеме да го применуваме повеќе , почнувајки од Собранието на Република Македонија, имаме можност како законодавен дом да влијаеме. Оваа дебата е можеби и вон рамките и вон можностите на капацитетот на Собранието, затоа што е едно пошироко и политичко и општествено прашање. На крајот на краиштата Република Македонија е земја со утврдена парламентарна демократија. Се она што се движи во земјата, во смисла на политички тежнеења, амбиции и барања. Затоа е и формирано Собранието, затоа и се нарекува парламент, на крајот треба да заврши во Собранието на Република Македонија и како најоптимално решение да се предложи и да се изгласа, до колку е квалитетно, во смисла на тоа дека тоа ќе постои како закон. Но, на овој начин на кој овде се обидуваат со некои искривоколчени тези да ми докажуваат, не знам јас сум бил против тоа. Да, јас сум против тоа вие овде со закон мене, како потенцијален предлагач на советничка листа да ми го ограничите правото, јас неја да ја формриам така како што јас мислам дека е најдобро и да се претставам пред потенцијалните приврзаници, така како штојас мисла, се додека сум во рамките на Уставот и законите на Република Македонија. Истовремено тоа значи дека и вие можете истото да го направите. Јас сакам да ве потсетам на тоа што се нарекува хуманизам, во членот 9, во најопштата и најблиску до апсолутната смисла на зборот која е преточена во таа скромна по форма, но многу значајна е по сопствениот квалитет, порака која е преточена во членот 9 од Уставот. Значи граѓанските и политичките слободи и права не се забранети, се дозволени се додека поинаку не се регулираат со Уставот. Во овој момент во Уставот никаде не пишува дека мене како предлагач, како учесник во политичкиот и во јавниот живот во Република Македонија, државата има право да ми каже дека потенцијалните советници или моите кандидати треба да изгледаат на начин како што таа мисли. Тоа во Уставот, почитувани дами и господа пратеници , не го пишува. Ставете го во Уставот тоа дека државата има право, ставете го како одредба во Уставот, јас ќе ја почитувам. Се разбира ќе се спротивставувам во дебатата, но кога вие тоа ќе го ставите во Устав јас ќе бидам принуден, како

предлагач на листа, да го почитувам Уставот и ќе ја направам листата така какошто Уставот и го предвидува. Во овој момент Уставот, почитувани дами и господо, не предвидува такво нешто, туку Уставот ми оставил полна слобода како предлагач јас да ја составам листата така како што јас мислам дека е најдобро, не навлегувајки уште еднаш во тоа дали се тие русокоси, црнооки, кандидати за советници, било каде, во било која локална средина на територијата на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Поповска три минути реплика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам претседателе,

Јас би сакала да го потсетам почитуваниот колега Трендафилов дека денес овде сме на седница на која се донесе Одлука за распишување на референдум на кој граѓаните на Република Македонија треба да се изјаснат дали се за или против донесените закони за територијална организација. Тоа е сериозна одлука и мислам дека заслужува сите да се однесуваме сериозно на денешната седница. Мислам дека не треба да се извртува темата на седницава и на референдумот, со тоа што некој ќе се изјаснува дали е за или против повеќе жени во политиакта. Мислам дека на овој  начин се двалвира целта поради која денес се донесе референдумот и мислам денес се девалвираат потписите на сите тие 180 илјади граѓани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Поповска, морам да реагирам. Ние не расправаме за референдумот. Таа точка ја завршивме. Ние зборуваме за законот за локални избори.

Повелете г. Трендафилов имате една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитувана госпоѓо Поповска, вие претпоставувам десетпати подобро од мене знаете, до толку повеќе што вие сте потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Јас иако дојдов со задоцнување од дваесетина минути, мислам дека тоа е друга точка. Точката за референдумот почна во 12,00 часот и заврши. Сега на дневен ред се измените и дополнувањата на Законот за локални избори. Мислам дека точката за референдумот е апсолвирана. Кажавме што ќе правиме и тоа е тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ;

Јас би сакал да ги потсетам колегите, оние кои што незнаат дека ова решение кое сега со амандман предлагаме да се брише, беше донесено со Законот за локалните избори пред две или три години и тогаш тоа решение се донесе исклучиво на одредена политичка волја која постоеше помеѓу политичките партии, и нормално се бараше формулација која ќе ја избегне онаа уставна одредба во членот9. Затоа се напиша, секој пол да биде подеднакво застапен, што ништо конкретно не кажува,освен она што цело време овде провејува дека 30% не се однесува за секој пол, туку исклучително се потенцира на застапеноста на жените.

Сега кога колегите дискутираат, а гледам дека и вие почитуван претседателе скренавте внимание дека се работи за правата на одреден пол, а другито не се застапувал, јасно е дека тоа 30%, без разлика како е напишано во законот, се однесува на застапеноста на жените. Заради тоа дискусијата овде од колегите преовладува во рамките на членот 9 од Уставот. Јас и сега мислам , без разлика на таа политичка волја која тогаш постоеше, дека е многу дискутабилна уставната основа токму во оваа одредба. Инаку зошто е воопшто потребна одредба да се потенцира дека половите треба да бидат застапени 30%, секој пол. Зошто би било потребно кога Уставот е многу јасен,  кога по Уставот полот, расата и се друго се еднакви. Значи со промовирање на една ваква одредба која сеуште стои во Законот за локални избори и коај со амандманот на г. Макрадули стана со горен дел, со долен дел на листата и т.н., се нарушува токму правото на еднаквост. За тоа дискутираме. Значи не станува збор, кога се составува листа, да се води сметка само за критериуми од политичка цел, квалитет и што ти ја знам, туку мора да се води сметка и на застапеност и тоа повторно ќе кажам, во превод, на жените во листата, затоа што под двата пола се подразбира кој пол треба да биде повеќе застапен, поточно кој до сега не бил застапен. Тука е дискусијата и тука е проблемот. Ако не било така и ако праксата претходно, значи до донесувањето на овој закон, или до претходните парламентрани избори, тие кои поминаа 2002 година, сите ние добро знаеме колкава беше застапеноста на жените. Благодарение на таквата одредба во овој Парламент имаме повеќе застапени жени, што и тоа кажува дека не е доволно и затоа г. Макрадули мораше да интервенира со горен дел на листата, со долен дел во листата и токму тоа е прашањето што овде се отвара, прашањето на форсирање на еден пол спротивно на членот9. Инаку никој овде не прави проблем за застапеноста на жената во политиката и било каде, но начинот на

нејзино доаѓање до израз во политиката и се, не е начин со декрет, туку начин со квалитет, или пак со политичка свест, или што јас знам друго. Заради тоа дискутибилноста во делот на уставноста, мислам дека држи место. И она што го кажа г. Трендафилов, или треба да го смениме Уставот за да немаме вакви дискусии и да не поднесуваме вакви амандмани, или нешто треба да смениме во нашите глави.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За ова второто се согласувам повеќе.

Повелете госпоѓа Грковска имате три минути реплика.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Господине Караџоски вие во вашето излагање се прашавте зошто е потребна една ваква одредба и во текто на вашата дискусија го дадовте и одговорот.

За време на парламентарните избори на листите имаше точно таква одредба. Меѓутоа се случи од одредени политички партии, кандидатите од женскиот пол да бидат ставени на дното на листата и воопшто да немаат шанса да бидат избрани. Сакате да кажете дека на тие листи воопшто немало ни една квалитетна жена што би можело да биде погоре на листите.

Јас навистина не сакам да се вовлечам во вашата теза дека овде станува збор за жените и за нивната промоција, или нивното промовирање и ставање во подобра позиција во однос на машките затоа што сите бројки го кажуваат токму спротивното.

Уште еднаш сакам да укажам дека членот на законот се однесува на обата пола. Значи нема никаква дискриминација од полов аспект. Друга е причината што законодавниот дом, барем еден дел од пратениците на законодавниот дом сметаат дека е потребно да воведат ваква одреба, со цел да се овозможи квалитетни луѓе да има и на погорниот дел на листите заради тоа што дел од политичките партии не сметаат дека треба да овозможат шанса и пратеничките од женскиот пол да бидат на горниот дел на листите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Караџоски имате една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не сметам дека жените се неквалитетни и заради тоа не биле застапени. Напротив. Меѓутоа, мислам дека битката за нејзина застапеност и овде во Парламентот и во советничка листа и било каде, треба да се избори внатре во

политичките партии, кај тие што ги предлагаат листите. Тука е местото каде треба жената да се пробие, ако веќе зборуваме за овој дел на тема. Сега тука е прашањето зошто до сега не успеала жената и т.н. внатре во политичките партии, дали на овој начин и со одредби кои се во дирекна спротивност со Уставот, можеме нешто да повлијаеме на квалитет, или не.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Поповска, имате збор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитувани колеги пратеници,

Сакам само да демантирам некои тези кои беа изнесени по повод овој амандман. Прво, дека е против уставна одредбата во Законот за локални избори со која се предвидува на листите да има по 30% од секој пол. Самото тоа што стои дека треба да има по 30% од секој пол е доволен доказ дека е во согласност со Уставот и дека не постои преференција ни на еден пол, значи не постои дискриминација.

Од друга страна, да потсетам дека Република Македонија е потписник на Меѓународната конвенција за борба против сите видови насилства над жената и дискриминација на жената, во која се предвидени привремени афирмативни мерки со кои во одреден период ќе се подобри позицијата на жената во општеството, така што овој став од Законот за локални избори, кој беше воведен преку заеднички амандман на претставници на сите политички партии е потполно во согласност со таа Меѓународна конвенција. Значи, Македонија преку овој закон, преку оваа одредба се постапува во духот на она што е во моментот тренд и во Европа и во светот. Нема никаква дилема, ниту ова е противуставно ниту е некој посебен исклучок што го прави Македонија, а што не го прават други земји.

На крајот би сакала само да додадам дека не можам да го сватам тој голем ентузијазам во борбата против една ваква одредба. Навистина не можам да го сватам. Напротив, мислам дека сите треба да бидеме свесни дека со поголемо вклучување на двата пола и еднаква застапеност на двата пола во севкупниот општествен живот добиваат сите. На тој начин се обезбедува поголемо искористување на целокупниот човеков потенцијал во државата. Тоа не може да биде за лошо, напротив, на ваков начин ќе се избалансираат биолошките специфичности на двата пола, затоа што мажите и жените имаат свои посебни приоритети и во политиката преку своето дејствување тие на специфичен начин ќе

придонесат да се постигне една поголема хармоничност, така што нивниот придонес е комплементарен и многу потребен за една хармонија во општеството, онаква каква што впрочем постои и во природата.

Мене ми е жал што морав да повторам дел од мојата дискусија кога се предлагаше амандманот, кога колегата Јани Макрадули и сите други пратеници кои го поддржавме, од сите политички партии, ги објаснувавме овие работи. Меѓутоа, еве изгледа е добро понекогаш да се повторат некои работи, репетицио ест мадер студиорум - повторувањето е мајка на учењето, така што веројатно со повеќе повторувања ќе ги сватиме овие работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за господинот Трендафилов три минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Не знам по кој знае кој пат ќе истакнам дека госпоѓо Поповска, и вие како и претходно во репликата со пратеничката од Либералната партија, како политички субјект на македонската политичка сцена, значи како ЛДП, за мене е неважен составот на вашите кандидати во случајот за советничка листа за локални избори. Тоа е ваша работа, вие се обраќате преку вашите потенцијални бирачи, вие се обидувате да ги привлечете преку вашата изборна програма, а исто така значајно како што се обидувате да ги привлечете преку карактерот на луѓето кои ги кандидирате на претпоставената избирачка листа за советници. Тоа е ваше право. Истовремено, користејќи го вие тоа ваше право, без оглед каков карактер или квалитет ќе има вашата претпоставена кандидатска советничка листа, не ви дава за право и мене како предлагач да ми наметнувате јас да почитувам критериуми кои се можеби прифатливи и сте постигнале согласност во рамките на вашата политичка партија. Значи вие мене ми го лимитирате правото кое јас самиот во рамките на политичките приврзаници да излезам со претпоставена советничка листа на начин како што мислиме ние според критериуми за кои ние сме се договориле. Во секој случај, на крајот на краиштата, гласачите ќе дадат конечен збор, дали ќе им веруваат на кандидатите на една или на друга листа, дали притоа ќе има важност колкумина од нив биле припадници на овој или оној пол, колкумина од нив биле посимпатични, понесимпатични, колкумина од нив биле допадливи или не. Тоа го кажуваат гласачите и потоа изборните штабови ќе велат - во ред, сега не ни успеа работата, следниот пат ќе одиме можеби вака. Но тоа е работа на предлагачите. Јас зборувам за мене како можен потенцијален предлагачат, дека јас имам право да ја

предложам на начин и со критериуми како што сум се договорил со приврзаниците на мојата политичка опција, не навлегувајќи во вашата политичка опција и во правото за кое тврдам дека го имате вие да ја правите листата така како што вие и вашите приврзаници мислите. Апсолутно овде не станува збор за тоа колкумина од нив ќе биле мажи, колкумина од нив ќе биле жени или кој на кое место на таа листа ќе се наоѓа. Јас зборувам за правото на предлагачот, апсолутно не навлегувам во никакви разлики затоа што во членот 9 тие разлики се апсолвирани, тие разлики не постојат. Значи конечниот суд при една таква изборна политичка борба го кажува бирачот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трендафилов.

Повелете една минута госпоѓо Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Трендафилов, ЛДП не ви го наметна овој став, тоа го наметна мнозинството во овој Парламент и тоа оние што гласаа, уште еднаш ќе повторам, беа припадници на сосема различни политички опции.

Инаку, ЛДП навистина беше прва која започна со организирање на жените во женска група во партијата, меѓутоа, за среќа, тоа сега го имаат практично сите политички партии, вклучително и вашата, така што јас не можам да сватам зошто толкав отпор и кон вашите колешки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една мала корекција, терминологија, овде никој никому ништо не наметнува, овде се гласа и мнозинството изгласува.

Дали некој друг бара збор?

Деловнички, за збор се јави пратеникот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Сметам дека моето видување по претходниот амандман и овој амандман, сега во моментот можеби се во согласност со Деловникот. Но идејата што ја наметнува во овој момент господинот Ѓорѓи Трендафилов ние ја прифативме и мојата сугестија е на веќе еднаш поднесен амандман, по втор пат поднесен аманднам, по трет пат, по кој веќе се изјаснил овој Парламент, нема основ да расправаме ние.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не разбирам, ова сосема друг амандман од претходниот и затоа не ја прифаќам оваа деловничка интервенција.

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски, можеби вие како претседател, јас како пратеник понекогаш имаме, што е нормално, недоразбирање и разлики во поглед на законските предлози кои се на дневен ред. Значи јас како пратеник ако немав право да го предложам амандманот, претпоставувам дека ќе бев педантно и дисциплинирано од вас опоменат. Ако почитиваниот колега имаше намера да се вклучи во амандманот, тоа можеше да го направи до сега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, тоа јас го констатирав.

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 18 пратеници гласале за, 4 воздржано и 47 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на воведната реченица на член 2, поднесен од пратениците Сашко Кедев, Илија Китановски, Ефтим Манев, Спиро Мавровски, Ѓорѓе Паљошковски, Ванчо Стаменков, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Стојан Андов, Слободан Даневски, Љупчо Мешков и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Со оглед на тоа дека амандманот број 1 не беше прифатен од страна на Владата, ниту беше изгласан од Собранието, а овој амандман е поврзан со тој, истиот не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претходно побарав збор пред изјаснување на претставникот на Владата и сакам да го повлечам овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во име на сите предлагачи сакате да го повлечете?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Да, да не се изјаснува претставникот на Владта дали го прифаќа или не. Значи како што кажа и претставникот на Владата, со оглед на тоа дека овој амандман е поврзан со амандманот 1 во кој велевме дека член 1 се брише, со оглед на тоа што тој амандман од истите предлагачи не се прифати, сметам дека овој амандман е беспредметен, доколку се прифатеше ќе останеше само член 2 и нормално ќе беше воведната реченица да се измени за да се знае на кои закони се однесуваат овие измени, со оглед на тоа што ќе беше единствен суштински, после тоа беше членот 3. Значи поради тоа го повлекувам овој амандман од име на предлагачите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во име на предлагачите пратеникот Коце Трајановски го повлече амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете Трендафилов, имате збор.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Како и претходно по неколку амандмани, со оглед дека се наоѓаме во ситуација таква каква што се наоѓаме, имаше забелешки и од други пратеници во

контекст на финансирањето на локалната самоуправа, на разликите околу времетраењето на мандатот на евентуално избраните во текот на следната година носители на локалните власти, градоначалниците и советниците, во случај Владата повторно да се појави со предлог за одложување, како што се случи во овој случај веќе два пати да го промениме терминот на одржување на локалните избори, предложениот амандман значи дека ние како Собрание се обврзуваме изборите да ги одржиме најрано на 6-ти, а најдоцна на 31 март 2001 година. Доколку од било кои причини, без оглед дали ќе бидат или нема да бидат одложени изборите, овие локални избори се однесуваат на терминот кој е даден, март 2005 година, значи само за претстојниот циклус избори за носители на јавни функции на локално ниво, со можност како Собрание евентуално во рамките на оние забелешки кои произлегоа од неколку пратеници, без оглед дали станува збор за времетраењето на мандатот или за евентуалните проблеми кои може, а и не мора да се појават во поглед на финансирањето на локалната самоуправа, Собранието на Република Македонија во овој период, значи до март следната година, да има време да интервенира и во Законот за локална самоуправа, доколку во Собранието постои елементарен политички дијалог меѓу повеќето различни политички опции, за да не се случи некои локални средини, некои облици на локална самоуправа во земјава да се најдат со некакви проблеми кои можеби ние, со оглед на тоа што набрзина се случија одредени работи така како што се случија, да не овозможиме тие непријатности да им се случуваат и да трпи локалната средина. Затоа беше прецизирано, значи да се прецизира најрано, со тоа што претпоставувам предлагачот можеби излегол со сличнинамери, тој вели најдоцна, но ако веќе се обврзуваме да биде во март, логично е да го имаме и горниот праг како што го имаме и долниот праг. Значи најрано на 6-ти март 2005 година и најдоцна на 31 март 2005 година, од што јасно се гледа дека зборуваме само во рамките на претстојниот и само на претстојниот циклус избори на локална самоуправа, без притоа да навлегуваме како што реков пред малку како ќе се случат во 2009 година или понатаму. Ние се концентрираме, со оглед на ситуацијата во поглед на законот за територијална организација во ситуација во каква што сме и на само за изборниот циклус за локални избори во 2005 година. Од тие причини е поднесен амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во членот 2 од предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за локални избори, кој доставен од Владата на Република Македонија стои дека членот 75-а, кој што ќе потсетам дека е член кој беше дополнет на една од претходните седници, кога предмет на измена и дополнување исто така беше Законот за локални избори и исто така беше предмет датумот на измени беше датумот на одржување на локалните избори, односно одлагањето на локалните избори за еден месец. Ова пред се се случи заради тоа што уште при самото гласање по Законот за локални избори не се прифати ставот на опозицијата локалните избори да се одржат после донесувањето на законите за децентрализација, односно врз основа на временскиот тајминг кој што ќе биде определен согласно изгласувањето на тие закони во ова Собрание. Тоа го направи владеачкото мнозинство, претпоставувајќи дека тие закони веќе се усогласени, ја направи таа прва измена со оглед на фактот што 70 дена пред одржувањето на изборите е неопходно претседателот на Собранието да ги распише изборите. Тогашниот датум 7-ми август, кој беше датум до кој најдоцна требаше да бидат распишани локалните избори се покажа како несоодветен поради донесувањето на Законот за територијална поделба на Република Македонија и со оглед на тоа што и тогаш не беше прифатено барањето на опозицијата за расправа на тој закон по донесувањето на законите за децентрализација, кои се однесуваат на суштинското пренесување на ингеренциите од централно на државно ниво се доведовме во ситуација повторно, бидејќи рокот за распишување на локалните избори е 11-ти септември, согласно измените, односно членот 75-а од измените на Законот за локални избори, да го имаме за предмет на расправа датумот за одржување на локалните избори. Знажи фактот дека ова прашање, прашањето на датумот, терминот на локалните избори е третирано несоодветно, односно не во согласност со постигната законска регулатива, туку со претпоставена законска регулатива која била некаде договорена, а за која се претпоставувало дека ќе биде изгласана во ова Собрание, се доведовме во ситуација и по пат на измени на Законот за локална самоуправа, меѓутоа, и по пат на амандмански интервенции да го одредуваме датумот на одржување на локалните избори. Фактот што како импликација на оваа ситуација имаме продолжување на мандатот на постојните градоначалници и членови на советите на општините и фактот што во Уставот на Република Македонија децидно е утврдено дека мандатот на овие избрани претставници на

граѓаните во општините изнесува 4 години, значи определен е на 4 години, не доведува во една малку непријатна ситуациија да се зборува за определување на датумот за одржување на локалните избори, затоа што на овој начин се продолжува од една страна мандатот на досегашните членови на советите и градоначалници, а од друга страна се утврдува точен датум со предлогот за измени на Законот за локални избори, а тоа е првата недела од месец март, односно денот недела кога треба сите идни избори да се одржуваат со оглед на фактот дека тој мандат од 4 години се сакало да се запази во ова решение кое што сега се нуди.

Меѓутоа, овде паѓа во очи една друга намерна, или ненамерна недоискажаност на предлагачот. Имено, предлагачот никаде не ставил кој е рокот од кој што треба да се тргне во одржувањето на овие избори. Единствено што ставил, ставил 31 март 2005 година. Дали тоа значи дека ние можеме да ги очекуваме локалните избори и на 7 јануари, или на 1 февруари, или не знам, на некој датум кој што апсолутно не можеме сега да го претпоставиме затоа што таа одлука би била одлука која што ја носи претседателот на Собранието на Република Македонија. Ако веќе за првите наредни избори се прифаќа принципот на определување на датумот на одржување на изборите од страна на претседателот на Собранието, зошто тогаш тој аршин е двоен. Од една страна се утврдува точен датум за сите наредни избори, а за овие првите наредни избори се остава тој датум да биде определен од страна на претседателот на Собранието, меѓутоа со гаранција која што им е дадена на некои политички субјекти дека тоа ќе биде најдоцна до 31 март 2005 година. Ние не бараме ништо друго преку овој амандман, туку бараме четиригодишен мандат на избраните градоначалници и советници на првите наредни локални избори. Значи, ако наредните избори после овие се одржат на 8 март, или зависно кој ден паѓа во недела во 2006 година, тогаш мандатот на сега избраните градоначалници кои што треба да бидат избрани на првите локални избори, треба да почне најрано на 7, а најдоцна на 31 март 2005 година. Со тоа се обезбедува почитување на уставната норма за четиригодишен мандат на избраните советници и градоначалници на општините. Ова всушност значи и допрецизирање на текстот на Предлогот на законот, затоа што ако власта не сака да скрие некои намери во однос на игри околу датумот на одржувањето на локалните, тогаш не гледам никаков проблем да се прифати овој амандман. Во спротивно ќе сметаме дека наредните локални избори никој нема да знае кога ќе се одржат, а во прашање ќе биде и мандатот на избраните советници и градоначалници. Поради овие причини барам од министерот

да се изјасни по ова прашање, затоа што на овој начин како што се предлага се прецизира точно мандатот на градоначалниците и советниците кој што е предвиден во Уставот, четиригодишниот, а од друга страна не се остава простор за манипулација со датумот на локални избори што може да предизвика импликации воопшто во однос на сите понатамошни случувања во Република Македонија. Заради тоа, а имајќи во предвид  дека референдумот е веќе закажан за 7 ноември, сметам дека доколку има некои други причини, тие треба јавно да бидат кажани, дека ако некои политички партии сакаат пред Нова година да прават конгреси, заради тие причини определуваат датуми кои што ќе зависат од датумот на одржување на тој конгрес. Навистина сметам дека тоа треба да биде кажано и овде да знаеме точно кој е датумот на одржување на локалните избори, на првите наредни локални избори и на тој начин еве го просторот кој што може да биде согласно Уставот од 6 март до 31 март 2005 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинто Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас само би сакал да кажам дека ќе го поддржам  овој амандман. Не би сакал да ги повторувам дискусиите на моите колеги, бидејќи беа многу опширни. Значи, само би напоменал дека со ова се добива еден поголем квалитет и поголемо прецизирање на интервалот во кој што треба да се одржат следните, или првите наредни локални избори, за да не испадне тие да се одржат во февруари, или да не речам во најлошиот случај според мене и во јануар. Така што сметам дека амандманот е логичен, суштински и би требало да се прифати.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 6 за, 48 против, никој не гласал воздржано.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата биле присутни 59 пратеници.

Ве молам уште еднаш да го повториме гласањето.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Да го повториме гласањето.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикуам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 3 пратеника гласале за, 51 против, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратениците Сашко Кедев, Илија Китановски, Ефтим Манев, Спиро Мавровски, Ѓорѓе Паљоќковски, Ванчо Стаменков, Ганка Самоиловска Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Орданчо Тасев, Андан Ќахил, Стојан Андов, Слободан Даневски, Љупчо Мешков и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, господинто Иџет Мемети.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателке. Како еден од предлагачите би сакал да објаснам што ние всушност предлагаме со овој амандман. Имено, амандманот гласи во членот 2 во ставот 1 зборовите “до 31 март” се заменуваат со зборовите “на 21 март”. Имено, ќе го прочитам исто така ставот 1 од членот 2 во Предлогот на законот кој ни е доставен и кој што денеска го разгледуваме. Имено, ставот 1 во членот 2 гласи: “првите наредни локални избори за членови на совети и градоначалници ќе се одржат најдоцна до 31 март 2005 година”. Значи, воопшто не е дефинирано на кој датум, или кој интервал ќе биде, туку интервалот е од денеска па се до 31 март. Меѓутоа согласно на законот за локални избори ќе кажам и колку е тој ограничен од 31 март назад. Имено, повторно сакам да потенцирам дека ова е трет пат како го menуваме датумот на одржувањето на локалните избори. И сега мене ми е несфатливо како е можно, значи, прво да предложиме, значи зборувам за позицијата, оваа година ги претерминира, ги презакажа локалните избори за третата

недела во месец октомври. Значи, точно и стриктно наведе датум во законот на кој датум требаше да се одржат овие локални избори и сите наредни избори. Меѓутоа, поради пролонгирањето, или невозможноста да се одржат тогаш изборите поради долгите дискусии за законот за територијална организација и законот за Градот Скопје, се направи измена и повторно се кажа дека еден стриктен датум, тоа е третата недела во ноември 2004 година. И согласно на тоа, значи ако се одеше дека се одредува стриктен датум кога треба да се одржуваат овие локални избори, овие први наредни, значи очекувавме и тука позицијата, или предлагачот како Влада да кажат точно која недела во март ќе се одржат следните, или првите наредни локални избори. Меѓутоа, се отстапи од таа пракса, или од тој принцип кој што еве два пати беше установен, иако претходно не беше, меѓутоа и самите тие го востановија овој принцип да се дава точно одредена недела во месецот, или датум кога треба да се одржуваат изборите. Сега тоа не се почитува. Значи, има нешто позади кое што сето ова се прави. Значи 31 март е последниот рок на кој што треба да се одржат првите наредни локални избори. Ние предвидуваме согласно на тоа како позицијата и Владата последните два пати направи измени, ставајќи стриктни датуми кога треба да се одржуваат тие локални избори. Ние одлучивме, ние предлагаме тоа да биде 21 март, или третата недела во месец март 2005 година и со тоа запазуваме повторно да биде трета недела, како што беше во октомври и ноември и повторно ќе беше 21 март. Доколку не се прифати овој амандман, значи останува овој недефиниран датум. И во тој случај локалните избори, датумот би се дефинирал согласно на законот за локални избори каде што во член 7 став 6 пишува: “од денот на распишување на избори до денот на изборите не може да помине повеќе од 90 дена, ниту помалку од 70 дена”. Значи, претходно во првата верзија беше 60 дена, во мај 2004 година, значи оваа пред неколку месеци позицијата ги промени овие 60 дена, направи да се 70 дена. Така што од денот на распишувањето на изборите до денот на одржувањето на изборите треба да поминат минимум 70 дена, максимум 90 дена. Согласно исто така на законот за локални избори, изборите ги распишува претседателот на Собранието. Значи сега ние сме во рацете на претседателот на Собранието во смисол на дефинирањето на датумот. Меѓутоа, со претходните две измени на законот за локални избори тоа право на претседателот на Собранието му беше одземено и беа стриктно дадени трета недела во ноември, или трета, претходно трета недела во октомври. И сега повторно ретерираме и му даваме на претседателот на Собранието еден да речам померлив датум, или лизгав датум кој

што може да биде од денот на распишување до денот на одржување од 70 до 90 дена. Значи можеме да претпоставиме со оглед на тоа што референдумот е на 7 ноември, значи со резултатите да се стигне некаде да бидат дефинирани на 15, значи на 15 е најраниот датум кој што може претседателот на Собранието да ги закаже првите наредни локални избори, значи од 15 ноември се следните 70 дена. Јас точно не сум пресметал, меѓутоа крајот на јануари, почетокот на февруари. Значи можно е сега претседателот на Собранието да си ги распише изборите на 25 јануари, 31 јануари, 2 февруари и не знам кој датум. Со тоа сметам дека не е добро и сметам дека треба ние со овој закон како што до сега два пати се правеше при измените на законот за локална самоуправа и да се дефинира точниот датум на одржувањето на локалните избори на првите наредни локални избори. Еве, во конкретниот случај ние го предлагаме 21 март како трета недела, 21 март 2005 година.

Инаку, за потсетување ќе се вратам малку назад, значи во истиот закон, на предлог-закон што е за измени и дополнувања на законот за локални избори, во првиот член исто така е децидно наведено дека "третата седмица во месец октомври" се заменува со зборовите "прва седмица во месец март". Значи не овие 2005, туку следните 2009 година ќе бидат прва седмица во месец март. Значи и тогаш претседателот на Собрание нема да одлучува кога ќе се одржуваат локалните избори. Тоа не е случајно направено. Значи, јас го поддржувам и тогаш го поддржувавме ние, дека ние што порано и треба да знаеме токму која недела од изборниот месец ќе се одржат локалните избори. На овој начин сметам дека има некоја позадина поради која што сето ова се прави. Не сакам да прејудицирам што се може да настане. Меѓутоа, растеглив е датумот сега на можниот датум на одржувањето на овие локални избори, значи од последната недела да речам во јануар до последната недела во март, дури може и некој работен ден да се распишат, да се одржат, па да се прогласи неработен ден, се е можно. Вака на овој начин сметам дека доколку се одреди точно која недела од месец март ќе се одржат овие избори, сметам дека ќе ги анулираме сите овие можни варијации и сите можни да речам, еве и некои скриени намери кои што можат да настанат, а нормално сметам доколку се предложи точниот датум ќе биде подобро за сите оние учесаници во изборите и за граѓаните да си го планираат однапред времето и активностите, тие што активно учествуваат на овие избори се со цел тие избори да бидат повеќе подготвени и се со цел на тие избори навистина луѓето да си ја кажат правата волја

за кого ќе гласаат. Затоа уште еднаш апелирам, значи да се задржи праксата на дефинирање на точниот датум на одржувањето на овие избори, така што да не му се даде повторно на претседателот на Собранието да може овој датум да варира некаде од последната недела во јануар па се до последна недела во месец март 2005 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе. Јас како еден од предлагачите на овој амандман, не ми е јасно зошто господинот министер без никакво образложение по претходниот амандман поднесен од господинот Трендафилов во кој што за членот 2 кој што го има предложено Владата стои "членот 75-а се менува и гласи: првите наредни локални избори за членови на совети и градоначалници ќе се одржат најдоцна до 31 март 2005 година". Предлогот беше овие избори да се одржат најрано на 6 март, најдоцна до 31 март. Значи се дава еден простор од три недели во кој што може и мислам дека министерот треба да го каже, ако е се регуларно како што треба да биде, во кој период ќе треба да се одржат овие избори.

Амандманот кој што го поднесува групата пратеници на кој што предлагач сум и јас, конкретно кажува дека тоа ќе биде датумот, би требало да биде датумот 21 март. Следејќи од она што претходно стои во членот 1 стои дека законот за локалните избори во членот 7 став 1 зборовите "третата седмица во месец октомври" се заменуваат со зборовите "првата седмица во месец март". Значи во тој период во месец март доаѓаме до ситуација да бидат одржани овие избори. Но, со членот 2 кој што сега го предлага министерот да се одржат најдоцна до 31 март и можноста бидејќи референдумот ќе биде и веќе е закажан за 7 ноември, мислам дека тоа може да биде, тие 70 дена после 15-ти, 25 јануари или 2 февруари една недела после него да бидат закажани изборите токму тогаш на 2 февруари со што вие ќе имате потполно право како претседател на Собранието да го закажете тогаш, затоа што апсолутно нема никакво ограничување, ниту месец март, ниту месец април. Тука стои најдоцна до 31 март. Значи најрано апсолутно ништо не стои во ова што го предлага министерот во членот 2. Јас не ја гледам причината зошто не би се прифатил овој амандман и да се дефинира дека токму тоа третата недела на месец март би се одржале овие избори. И тука мислам дека е се многу чисто и јасно и господата и од позицијата и од опозицијата ќе можат да се подготват за овие

локални избори и мислам дека е се регуларно, или пак се очекува да го направите тоа во некој термин кој што апсолутно нема да одговара, значи тоа е месец февруари и за сите овие претходни термини за кои што говоревме и членови кои што сакавме да се променат во законот за локални избори како што е цензусот од 33%, како што се другите права кои што треба да се, дополнително следниот амандман во кој што говориме за изборот на градоначалниците и советниците и колку нивните мандати треба да се продолжат. Мислам дека правиме една тотална забуна и кај господата што сега ги претставуваат единиците на локалната самоуправа и пред она што значи наредни локални избори. Затоа господине министер, би ве замолил вие да пресечете и да се каже дали е тоа 21, или предлогот на првиот амандман каде што имате можност повторно, или претседателот на Собранието ја има таа можност во периодот од 6 до 31 март да ги закаже овие избори. Мислам дека тука апсолутно нема ништо за кое што ние би расправале. Мислам дека треба добро да го погледате, а истото се однесува и за колегите пратеници од позицијата, се работи чисто за технички проблем. Значи, одиме на она што и самите го барате, месец март од првата недела до 31 март. И не гледам никаква причина да се одбиваат овие два амандмани и да доаѓаме повторно во ситуација уште незапочнати локалните избори да се појави сомнеж дека нешто се прави надвор од ова што треба да биде законска регулатива и за кое што Парламентот денеска треба да одлучи. Мислам дека треба да се покаже доблест и ова е апсолутно ништо во однос на тоа што треба да се донесе како закон и како барање, еве во случајов со двата амандмани. Првиот го одбивте, имате можност да го прифатите ова да биде дефинирано, третата недела во месец март.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(пратениците влегуваат во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, пет гласале за амандманот, нема воздржани и 55 се против амандманот.

Сложбите нека го проверат бројот на присутните пратеници во салата, без последните двајца што влегоа.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во моментот на гласањето присутни беа 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2, за бришење на став 2 поднесен од пратениците Сашко Кедев, Илија Китановски, Ефтим Манев, Спиро Мавровски, Ѓорѓи Паљошковски, Ванчо Стаменков, Ганка Самоиловска-Цветанова, Илија Србиновски, Коце Трајановски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Стојан Андов, Слободан Даневски, Љупчо Мешков и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен, повелете  господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ова е последниот амандман кој го поднесуваме и ако се види од амандманите сметам дека членот 2 практично и не требаше да постои бидејќи можеше со искористување на членот 1 да се одржат првите наредни локални избори. Што предлагаме ние практично со овој амандман?

Со овој амандман предлагаме во членот 2 став 2 да се брише и ќе го причитам членот 2. “Мандатот на постојните градоначалници и членови на совети трае до изборот на нови градоначалници и членови на совети”. Лаички гледано сосема е нормално и во праксата тоа се случува, меѓутоа што е проблемот, или која е причината поради која ние го предлагаме овој амандман.

Сметаме дека вака како што е дефиниран овој став во овој член е против Уставот. Имено, во Законот за локални избори во членот 1 децидно се вели: “со овој Закон за локални избори се уредуваат постапката и условите за избор на членови на совети на единиците на локална самоуправа”, во понатамошниот текст “совети на Град Скопје и градоначалник на општините и градоначалник на Град Скопје”.

Значи со Законот за локални избори чии измени сега ги разгледуваме воопшто не се третира и не е предмет на Законот должината на мандатите на градоначалниците и советите на единиците на локална самоуправа.

Сега ќе кажам кој закон и во чија надлежност е дефинирањето на мандатите на советите и на градоначалниците на единиците на локална самоуправа. Тоа е во надлежност или во сверата на Законот за локална самоуправа.

Имено, во член 35 од Законот за локална самоуправа во ставот 1 се вели "членови на Советот се избираат за време од 4 години", тоа е за советите, додека за градоначалниците е дефинирано во член 49 од Законот за локална самоуправа, каде што децидно стои: "градоначалникот се избира секоја 4-та година на општи непосредни слободни избори со тајно гласање во со Законот со кој се регулираат локалните избори".

Значи, нешто што е во надлежност на друг закон сега го ставаме во Законот за локални избори. Да биде грешката поголема Законот за локална самоуправа се донесува со 2/3 мнозинство, додека овој закон се донесува со просто мнозинство од 61 пратеник. Со тоа се прави уште поголема грешка. Сметам дека после ова може да регира и Уставниот суд.

Понатаму, и праксата покажува дека ставот 2 во членот 2 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за локални избори воопшто не треба да стои, инаку доколку Владата и преставникот на Владата толку, да не речам прецизно, децидно сакаше да го регулира мандатот на градоначалниците и советите на единиците на локална самоуправа истото требаше да го направи кога се предлагаа измени и дополнувања на Законот за локални избори, кога предлагавме да биде трета недела во октомври, или трета недела во ноември следниот пат, бидејќи и кога ќе биде трета недела во октомври и трета недела во ноември исто така врз основа на тоа кога се одржуваат локалните избори 1996-2000-та година ќе се види дека им го пролонгиравме на постојните градоначалници и совети, или им го скратувавме времетраењето на мандатот и со ноември кога беа последните измени, или последниот закон кој што е важечки, во ноември 2004 година, исто така се пролонгира за месец или два мандатот на постојните градоначалници. Тогаш тоа воопшто не беше дефинирано.

Инаку, за потсетување, министерот беше и член на Уставниот суд од експертите, од групата на експерти, значи од експерти и уште повеќе тоа го обврзува ова воопшто да не го предложи во овој закон, бидејќи сега испаѓа дека не е експерт, туку е политичар или бил обратното. Не би сакал така да размислувам, меѓутоа во секој случај бидејќи бил член на Уставен суд од групата на експертите сметам дека не би требало ова да го предложи. И праксата покажува дека воопшто овој мандат

од 4 години во голем број на случаи се пролонгира како при самите избори, кога не се избираат сите во првиот круг, некои се развлекуваат и после еден, два , три или повеќе месеци, исто така и градоначалници кои поради различни вонредни околности, вонредни локални избори, како што е дефинирано и во Законот се одржуваат, ако на некој градоначалник му престане функцијата поради различни причини, во последно време поради смрт или поради заминување на друга повисока функција, во тој случај исто така не е 4 години и исто така на тие градоначалници кои што ги наследуваат, или овие што се избираат не им трае мандатот 4 години. Значи, ова е една материја која што навистина тешко може да се регулира да бидат точно 4 години.

Поради тоа сметам дека не треба да стои овој став во членот 2, бидејќи и со тоа може сосема нормално да се одржат овие избори. Или, доколку веќе сакаме некако да го дефинираме или во некој интервал да го ставиме тој мандат, во тој случај треба да се интервенира во Законот за локална самоуправа.

Поради тоа апелирам доколку министерот или претставникот на Владата не го промени своето мислење, бидејќи рече не го усвојува амандманот, барем парламентарното мнозинство да најде разбирање и да го усвоиме амандманот, бидејќи не влегува во суштината на овие избори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре имате збор.

ИЏЕТ МЕМЕТИ:

Покрај тоа што ние како Влада по однос на овој амандман се изјаснивме дека не го прифаќаме сметам дека е добро да се каже нешто.

Прво, се согласувам со тоа што во последната реченица пратеникот кажа дека идеален четиригодишен мандат не може да се има во такви системи како што е нашиот, кога изборите се одржуваат секоја 4-та година, но истовремено во сите општини.

Имајќи го во предвид системот што го имаме за избор на градоначалници и на советници не може да се случи во никој случај градоначалниците и членовите на советите да им почне да им тече мандатот од ист ден од причина што ист ден да се избираат и под идеални услови, да имаме чист пропорционален систем каде што изборите ќе завршуваат на ист ден не може да се случи на ист ден да почне да им тече мандатот на советниците на советите од причина што тоа зависи од тоа кога тие ќе се конституираат.

Со ова сакам да дадам уште една информација, која веќе и низ медиумите кружи и точно се знае дека на последните локани избори кои беа одржани на 10 септември 2000 година, мандатот го добија не сите на тој ден кога се одржаа изборите. Тоа зависеше кога ќе се конституираат советите, зависеше од вториот круг, од третиот круг, тин. Значи имамвме во Република Македонија , затоа велам дека идеално нема и не може со одредба на закон да се решава тоа. Мора да има ваков рок од причина што имаме градоначалници и совети кои не беа конституирани уште во септември, меѓутоа имаме и такви кои беа конституирани или избрани дури 2001 година. Тоа и пратеникот го призна, така да со ова немаме никакви дилеми.

Сакам да кажам дека и со ваквиот предлог на закон не се гиба во намдатот на градоначалниците. Мислам дека ова одредба може да опстои со тоа што и ако би се одржале изборите најкасно до 26 март 2005 година би биле во рамките во тоа што значи мандатот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има и нешто друго. Во Законот за локална самоуправа стои “на 4 години”, а една година има 12 месеци, така да од септември до март 10 месеци не се поминати.

Повелете господинте Трајановски имате реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас имам две реплики, и на вас и на министерот.

Господине министре јас не признав, туку констатирав каква е праксата во досегашното избирање и должината на мандатите како на советите така и на градоначалниците.

Инаку, јас се согласувам дека вие елаборирате уште еден сегмент од нееднаквите мандати, а тоа е меѓу советниците и градоначалниците во иста единица на локална самоуправа.

Значи, констатацијата е дека навистина е тешко да се направи сите да бидат, и советници и градоначалници во иста единица на локална самоуправа, или и во различни делови во Република Македонија да имаат ист мандат. Меѓутоа, кога веќе тоа не може да се направи, а се обидува некаде да се регулира некако нешто, во тој случај треба да серегулира во овој закон, во кој што е дефинирано мандатот. Тука министерот воопшто не одговори. Значи, јас се согласувам со вас претседателе дека 2004 и 2005 година не е исто. Значи ако беше октомври 2004 година, не е наредната

2004 година, туку 2005 година доаѓа. Значи, ако беше ноември 2004 година пак е 4-та година иако мандатот нема четири години, не му е четвртата календарска година. Меѓутоа, ако се обидуваме тоа да го регулираме да го регулираме во законот со кој што тоа се регулира, или каде што на некој начин е дефинирано онолку колку се сметало тогаш од законодавецот. На овој начин сметам дека повторно не се гиба во мандатот на градоначалниците и навистина не треба да постои овој, воопшто не ги заштитува законот. Напротив уште отвора една дилема пред Уставниот суд конкретно, бидејќи сега имаме нов закон да го оспорува тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Разликата помеѓу вас и мене е тоа што вие зборувате за календарска година, некаде се календарски фискални години од април до следниот април, бидејќи се избрани во септември 4-та година е.

Повелете господине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Еве уште еднаш и последниот амандман господинот министер се обиде да објасни зошто не го прифаќа и мислам дека не објасни ништо, затоа што две недели во еден месец, или шест месеци ако за него се исто мислам дека воопшто не е така бидејќи се префрламе во нова календарска година. Господинот министер треба да објасни дали оваа единица на локална самоуправа ќе треба да го подготви буџетот и врз основа на тој буџет новите единици на локална самоуправа, новиот градоначалник да наследи ова што ќе го сработата во овие шест месеци господата што се сега во единиците на локалната смаоуправа.

Кај господинот министер апсолутно не гледам никаква желба, ниту пак покажа некој интерес да ја послуша опозицијата, можеби сето тоа има некоја задна намера, затоа што се работеше за технички предлози, и ова е еден од тие технички предлози во кои што вие апсолутно не можете мандатот на постојните градоначалници и членови на советите да трае до изборот, за кој што и самите кажувате дека е крајниот рок 31 март за локалните избори. Значи, ако се придржувате на тој рок би стигнало некаде април месец. Значи, 4 месеци од наредната 2005 година, господине министер ќе бидат поминати. Како вие мислите сето тоа да го решите, апсолутно не мислите, не давате за право и за она што претходно опозицијата ви предложи, она што е реално, она што е реалност и за кое што вие цело време кажувате и по средствата за информирање дека е тоа месец март, првата недела и до 31 март

останувате глуви на сите наши барања, на сите наши амандмани, а незнам која е причината. Мислам дека граѓаните тие што ќе бидат донесени во незгодна ситуација, затоашто доколку тоа го направат и го дозволат на претседателот на Собранието во таква ситуација да ги распише тие избори во месец февруари мислам дека ќе имаме голем проблем и кај граѓаните на Република Македонија и кај сите политички партии. Тука не покажавте апсолутно никаков сенс за функционална материја, пропорционалниот систем отпадна како го читате амандманот и опозицијата се однесува како воопшто да не е присутна на оваа седница.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во секој случај јас морам да кажам дека, бидејќи знам дека и ова нема да го прифатите како амандман, останува самите каков што си го донесовте Законот, да си го направите, ваша е одговорноста, ваше е се наредно што ќе се случува така, вие сте позиција, ние сме опозиција, наше е да укажуваме, ваше е да не слушате, народот ќе си го каже своето, но мислам дека после вакви аргументи и покрај вакви технички амандмани да не ги прифатите, мислам дека апсолутно не држи и незнам која е причината. Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 5 гласале за амандманот, нема воздржани, 57 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 16 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Повелете процедурално господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе сметам дека намерно од ваша страна не дадовте доволно време да се пријавиме за дискусија по текстот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам јас на ова можам да одговорам не треба од страна.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не завршив претседателе. Сметам дека претходно по амандманите причекувавте по 4-5 секунди, па констатирав. Сега веќе многу брзо ја затворивте расправата, така да ние не успеавме да се пријавиме. Затоа барам да ми дозволите по текстот, со оглед на тоа што веќе е конечно, иако за амандманите доволно дискутиравме, да кажеме неколку збора, со тоа што практично ќе имаме свое видување на конечниот текст на законот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски вие самите рековте дека ова е последен амандман и излеговте после тоа. Ве молам, јас реков, кој бара збор, никој не побара збор во рамките на тие 5-10 секунди. Ве молам, јас неможам да бидам толерантен и да барам толеранција за вашата комоција. Не давам процедурално и продолжуваме понатаму. Во врска со ова не давам процедурално.

Повелете господине Стојановски, процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господионе Јордановски, вие сте свесни дека ние излеговме, бидејќи Собранието работеше на работ на кворумот. Видовте дека тоа е од политички причини, за да поозицијата обезбеди кворум за гласање. Вие не дозоливте ни половина минута да помине, за да се вратиме назад. Господинот Коце Трајановски беше на еден чекор од своето место.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски вие од политички причини затоа и не успеавте да се пријавите.

Ве молам, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Претседателе не сте вие Собрание во име на цело Собрание да одлучувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за законот, нема воздржани, 1 гласал против законот.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на зедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

Ги молам службите да ги избројат присутните пратеници.

Кој е против,молам да крене рака?

Дали има некој воздржан? (1 воздржан)

На седницата присуствуваа 15 пратеници, кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа 14 пратеници, против нема, од гласање се воздржа 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за локални избори.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Сакам да ве известам дека во договор со координаторите, продолжуваме во понеделник по Седумдесет и прва седница каде што ни остана само гласање за судијата на Апелациониот суд, а потоа со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Во понеделник продолжуваме во 10,00 часот.

(Седницата заврши со работа во 16,55 часот).